СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од /продолжението на 19-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 1991 година

Скопје, јули 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од продолжението на 19-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 13:05 часот.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа.

Пратениците Душан Трпчевски, Благоја Ханџиски, Гоце Андоновски, Ѓорѓи Бојковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На пратениците им е поделен текстот на заедничката декларација. Тоа е инаку неофицијално добиен текст, меѓутоа содржината синоќа дефинитивно е усвоена. Бидејќи овој акт внесува значајно поинаква атмосфера во состојбите, ги менува состојбите, предлагам прво да го слушнеме господинот Тупурковски кој учествуваше во целата оваа активност што доведе до оваа Декларација. Прво да ја слушнеме неговата информација и второ,да ги слушнеме неговите оценки за можниот правец на настаните и состојбите кои треба да настанат многу брзо.

Му давам збор на господинот Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници јас се извинувам за преќсиноќешното долго излагање. Сега кратко сакам да ве информирам за текот на преговорите вчера и за резултатите што ги

постигнавме и практично од прва рака, затоа што ние завршивме на полноќ и најверојатно нашиот Македонски Парламент е прв што ги има на располагање документите, иако не се тајни, тие се јавни документи, Учесници во преговорите беа претставници на Република Словенија, на Република Хрватска на Сојузната влада и на Претседателството на Југославија и на Европската заедница. За нашиве четири структури практично на највисоко ниво и овластената министерска тројка со претседавачот на министерскиот совет на чело. Процедурата беше што се држеа повеќе рунди на разговори, во пленум, билатерални меѓу делегациите и со делегацијата на Европската заедница онолку пати колку што беше неопходно. Значи тоа течеше во континуитет ден и нешто, вкупно 26 часа, а методот беше однапред договорен да дојдеме до заеднички документ и со консензус да го усвоиме,се разбира со јасно сознание дека верификацијата во формална смисла е надлежност на органите што се запишани во уставите и во законите, а не на овие луѓе што преговараат. Но, исто така со јасна политичка волја дека затоа што ги усвојуваме и ќе стоиме зад нив убедувајќи ги тие наши матични тела собранија, претседателства итн.,да ги усвојат и да застанат зад нив. Постигнавме договор, договорот го прифати и Република Хрватска со изјава на нејзиниот претседател на последната пленарна седница и останатите претставници на овие преговарачки страни. Договорот се состои од оваа заедничка Декларација и од два анекси. Во заедничката Декларација изнесовме политички принципи, тоа е еден политички документ. Мислам дека би било оправдано да се третира како документ што ги предвидува генералните принципи за демократски расплет на кризата во Југославија, а дека не се однесува само на конкретнава ситуација во Словенија и затоа е таа и наречена заедничка Декларација

Додека  во анексите ја третираме конкретната ситуација што е создадена во Словенија и предвидуваме еден цел механизам како да се воспостави мир и низ кои механизми и инструменти би можело сето тоа да се надгледува, да се надзира и да се контролира. Политичката Декларација сега е пред вас. Поаѓа од ставовите на Европската заедница за состојбите во Југославија и за Југославија како европска земја и како партнер на Европската заедница. Значи се потпира на документите и на декларациите што претходно се веќе усвоени од разните инстанции во Европската заедница и на тој начин во континуитет се проследува квалитетот на односите што сме го создале со Европската заедница и не се доведува под никаков знак на прашање. Народите на Југославија се разбира се оние што ќе одлучат за суд-бината на оваа земја и за сопствената, а потполно е јасно ставено до знаење дека само додека се смета дека во најдобра намера ни се пружа помош врз основа на нашата определба да соработуваме со Европската заедница таа асистенција и ќе доаѓа. Оној момент кога ќе се смета дека е мешање во нашите внатрешни работи и кога ќе почнат евентуално, не би рекол дека тоа ќе се случи и во секој случај би било крајно штетно да се опонира на еден ваков ангажман, тие веднаш ќе го прекинат. Така што не доаѓа во предвид да се нарушат основните принципи на рамноправност и немешања. Се предвидува дека ќе започнат веднаш преговорите без условно, значи без претходни услови за иднината на односите во Југославија и во таа смисла навистина се наметнува сега конкретната потреба да го осмислиме до крај нашиот пристап и да го презентираме како една од можните варијанти за расплет на оваа криза. Нам ни е дотолку полесно што постои Платформа за развр-ска на Југословенската криза предложена од нашиот претседател на

Републиката  и од претседателот на Босна и Херцеговина. И во таа смисла единствено поради оваа провизија предвидена во заедничката Декларација треба да сме подготвени без условно и без претходни предрасуди да ги примиме евентуалните други предлози на кој начин да се оди во тие преговори. Сите тие преговори и идните решенија треба да базираат на завршниот документ од Хелсинки и на Париската повелба. Ние сме ги прифатиле, во оваа Република постојано заради нашата европска опција имаат еден правилен, коректен третман и мислам во таа смисла сосема ни одговара овој принципиелен став. Се разбира повикот е да се престане со било какви еднострани чекори, а посебно со еднострана употреба на сила и на насилни акти . Ние веќе разговаравме, мислам дека е определбата на нашиот Парламент и тука децидирано јасна. Така што постои една чиста корелација меѓу ова и она што е наша и стратешка и конкретна определба заради моменталнава ситуација.

Европската заедница понуди помош. Таа исто така , е дефинирана во заедничката Декларација која што би била на прашањата на надзорот во реализација на Анексите, но исто така и по оние прашања што ќе се покажат како спорни, отворени, конфликтни во надминувањето на сложените разврски во еден, или во друг правец. Се мисли на правните, на уставно-правните, на финансиските, на сите други возможни што ќе бидат на дневен ред во овие преговори. Конретно  е предвидено упатување на мисија за надзор и тоа го регулира вториот анекс. Вие ќе  обратите внимание за какви конкретни ангажмани и аранжмани се работи, за какви конкретни обврски на страна на југословенските субјекти и на органите во републиките, односно органите на Федерацијата.

Првиот анекс е централниот анекс за да се избегне понатамошната негативна ескалација, понатамошната војна ако може човек така да ја нарече и ги третира спорните прашања што во овие изминати денови се обидувавме да ги надминеме на релација Југославија - Словенија. Решен е режимот на границата и прифатено е кај сите многу деликатни прашања на контрола на граничните преминувања и на граничните премини, кај царините, кај контролата на воздушниот сообраќај и кај безбедноста на границата, решенија што се адекватни на преземенета обврска од страна на Словенија да се повратат овие режими на состојбите од пред 25 јуни , заради договорот што претходно беше постигнат со Министерската мисија на Европската заедница. Има одредени компромисни иницијативи кои што исто така се сега обврска за сите договорени страни, како на пример кај безбедноста на границата каде што е предвидено дека одкако ќе се воспостави претходната состојба, што значи ќе се вратат граничните единици на Југословенската Народна Армија на караулите и во зелениот појас, ќе отпочнат преговори што треба да завршат во тромесечниот период на мораториумот за конституирање на таа граница врз европските стандарди, што значи како отворена граница. Останатите модели што се предвидени за да се обезбеди апликација на претходниве клучни решенија се практично од ставовите на Претседателството на Југославија. Сите 8 ставови го најдоа своето место во првиот анекс и се прифатени од сите страни за фронтно извршување. Со тоа сакам уште еднаш да подвлечам дека на страна критиката и разните оценки за ултимативниот карактер итн., реално беше да се согледа тој временски фактор како еден од најзначајните во надминувањето на оваа ситуација и затоа сите тие се третирани

во петата точка на прviот анекс без исклучок и со тоа се потврдува до некаде, а е олесната работата на Претседателството дека тие мерки биле неопходни, начинот на кој што се покренати, карактерот на тој заклучен документ е нешто друго и сега нема никаква потреба да се третира.

Шестата точка беше една од централните прашања вчера во преговорите, посебно кон крајот на преговорите кога и покрај јасните декларации, дека ќе се пуштат сите затворени во врска со настаните од 25-ти и натаму, добиваме алармантни вести на кои што поверувавме сите и претставниците на Европската заедница за положбата на 150 заробени и затворени офицери на ЈНА. И тука се дојде до согласност дека ќе бидат пуштени до синоќа до 24,00 часот, 91 во секој случај од нив, а останатите во текот на денешниот ден и на тој начин би се избегнала една нова возможна негативна ескалација, затоа што нивниот третман и фактот дека последни останаа од заробените, а се работи за повеќедневно заробеништво раѓало големи тензии внатре во офицерскиот кор, ако моажам така да кажам. Се надевам дека тоа е зад нас. Од утринава немам податоци дали е тоа остварено, или не, но верувам во добрата волја на оние што вчера сепак, го прифатија овој договор.

Кај посматрачката мисија само два-три збора би сакал да ви кажам, да го свртам вашето внимание на големите обврски што произлегуваат од прифаќањето на посматрачката мисија за Републичките и Федералните власти така да кажам. Таа е повеќе национална посматрачка мисија. Веќе утре ќе дојде претходницата за да се договори за модалитетите на нејзиното делување, сложена е целата процедура. Мандатот е да ја нагледува ситуацијата во Словенија, можеби

и во Хрватска, но појаснето е дека се мисли на Словенија. Сепак, се оди на оваа конкретна кризна состојба во Република Словенија, дека веднаш ќе започне со работа, а доколку има потреба во договор со заинтересираните страни може да се прошири и мандатот и просторот на кој што ќе се обавува функцијата на посматрачката мисија.

Мислам дека постигнавме еден договор за крај на непријателствата во Словенија и за принципите на општиот демократски расплет на Југословенската криза. Несакам да сеам никакви илузии, ниту сакам ова да се третира како голем оптимизам, но во исто време факт е дека сите страни активно учествуваа и по метод на концесии од сите страни и се дојде до овој домен. Кога ќе се погледа по внимателно, ќе се види дека има отстапки од сите страни и фала богу не може на ниеден друг начин да се заврши една ваква драматична ситуација, освен со попуштање на сите инволвирани страни. Мислам дека е чекор на дистанцирање од војната, треба да стабилизира тој чекор, да се развива понатаму и драгоцено би било да не им паѓа на памет на ниеден од надлежните органи да се отфрли сега доаѓањето на европската посматрачка мисија, бидејќи на многу места ќе наиде на квалификации на мешање во нашите внатрешни работи, на туторство итн. Треба да се прифати добрата намера и потребата од едно објективно опсервирање на тоа што се случува, бидејќи ние имавме без број инциденти во време на примирјето жртви во време на примирјето и никаква објективна, неутрална, паритетна , каква сакате комисија која што ќе можеше тие инциденти да ги решава на теренот, а не да ни се собираат и одново да ја прават ситуацијата потполно експлозивна. Мислам дека релевантните политички фактори, државните фактори мораа да се обврзат дека нема да се потпираат врз политиката на закана и на употреба на сила, ние тоа го

зборувавме и неќна. Добро е да најде место во нашите заклучоци, добро е да се побара и од овој Парламент таков однос на сите останати одговорни 8 надлежни органи во републиките и во Федерацијата Но,мислам дека од овде би морало да се каже меѓу останатото и од нашиот Парламент колку и да звучи тоа по малку чудно дека и граѓаните и граѓанките мораат да бидат набљудувачи, контролори на овие наши мирољубиви определби. Јас си земам слобода да им порачам да не толерираат репресии и политика на сила. Мислам дека треба да им го одземат легитимитетот и во формална смисла на оние што посегаат по овие опции, по оружје, а фактичкиот легитимитет оној што извира од поддршката на граѓаните секако им е истрошен на носителите и на екстремните политики по земјата, затоа што ги загрозуваат пред се своите граѓани и пред се своите народи. Победник во евентуална војна помеѓу народите во Југославија навистина неможе да има. Таа би била крах за сите тие народи, за сите нас и поголемите и помалите. Мислам дека само демократски расплет гарантира и слобода и сувереност и основни човечки права меѓу кои веќе можеме да зборуваме и за правото на живот и за правото да се ослободиме од стравот и за правото на достоинствен живот во благосостојба. Мислам дека оваа Република прави се да има мир. Јас верувам дека мир ќе се постигне, нашата улога тогаш како Република ќе се вреднува како доказ за нашата припадност и за нашата определеност дека му припаѓаме на цивилизираниот свет.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја чувме информацијата, документите што се донесени на Бриони, сега да видиме како намераваме понатаму да продолжиме. Дали да продолжиме кој, како се пријавуваше досега. (гласови:како досега).

Ако така продолжиме тогаш за збор се јави Васил Зимбаков.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сос-тојбата во земјата и политичка и безбедносна и економска е катастрофално лоша. Од ден на ден се наоѓаме во се поголем расчекор во изнаоѓањето на мироЉубиво решение. Национализмот зеде таков замав за што сум убеден во тоа дека остава и тој ќе остава ако така продолжи, длабоки и неизлечиви рани во сите народи и народности кои што живеат на овој мал простор. Едностраните одлуки, акти на Словенија и на Хрватска за отцепување од Југославија, од една страна и тврдиот став за некаква модерна федерација на Србија и Црна Гора од друга страна, факт е дека Југославија ја доведоа до работ на граѓанска војна, до дезинтеграција, наспроти интеграционите процеси во Европа. Тесните национални интереси, жедта и болните лидерски амбиции на одреден број политички деликвенти од земјата, резултираа деновиве, за жал, со крвави настани, во кои настрадаа оние кои најмалку имаа придонесено  за таквата состојба во земјата. Земјата е скоро либанизирана. Насекаде се чувствува страв, напнатост, безаконие, се повампирија мрачните сили од минатото желни за крв, за жртви, за националната, верската омраза и нема крај. А, живееме во 21 век. Прогресивниот свет не може

да не разбере, секојдневно пристугнуваат апели за мир, за мирно решавање на ЈУ кризата. Ни нудат финансиска помош, кредити, за побрз излез од економската, а со тоа и со политичката криза. Но, изгледа и тоа не е доволно. Нашата ЈУ криза или поточно епидемија е толку јака што опасност и се заканува и на Европа. На патот сме ако продолжиме така да ја дезинтегрираме искараме и неа.

Но, почитувани пратеници и покрај сите актуелни и тешки проблеми, јас сум уверен во себе дека проблемот може да се реши по мирен пат и со преговори. Најважно е во овој момент и ова е во интерес на сите нас кои живееме во оваа земја е да престанат, под итно, вооружените судири и оружјето да се замени со дијалог, со разум, а така сите ќе излеземе како победници и среќно.

Во овој момент, како Парламент, како Македонија треба да им дадеме поддршка на одлуките и настојувањата на Сојузното претседателство по мирен и демократски пат да ја реши југословенската криза а истовремено да кажеме дека е виновно во голема мера за сегашната состојба во земјата и жртвите кои паднаа деновиве во Словенија и Хрватска, заедно со нивните лидери. По кој знае кој пат мораме да констатираме дека нашата Република нема ама баш со ништо придонесено за ваквата состојба во Југославија.

Досега се залагаше за мирно решавање на југословенската криза а и така треба да продолжи. Да им дадеме целосна подршка на претседателот Киро Глигоров и членот на Претседателството во Југославија од Македонија Васил Тупурковски и другите раководители од Македонија за Југославија кои се залагаат за мирно разрешување на кризата во земјата. Македонија да остане на својот став што го изгради и

донесе овој Парламент, а е запишан во Платформата за разрешување на ЈУ кризата, Платформата на претседателот Киро Глигоров и Изетбеговиќ и Декларацијата за сувереност на Македонија, кои се прифатени и прифатливи и позитивно оценети од сите прогресивни сили во светот.

Вториот дел на оваа точка е актуелната политичко-безбедносна состојба во Републиката. За овој дел сметам дека неопходно потребно беше Владата на Македонија да понуди писмен материјал или во крајна рака усмено излагање на претседателот на Владата, како би ја согледале соодветно состојбата во Републиката.

Господо пратеници, министри и другите присутни учесници во работата на Парламентот, состојбата во Републиката од ден во ден е се полоша и потешка за што зборуваат и следните аргументи и факти:

Оправданиот револт и загриженост на мајките и родителите и целата јавност во Македонија чии деца се наоѓаат на отслужување на воениот рок во Словенија и Хрватска.

Второ, мобилизацијата на резервниот состав на Министерството за внатрешни работи и нивното порисуство пред виталните објекти а и пред невитални за што кај народот се зголемува напнатоста и нервозата и стравот.

Трето, од одделни министри преку јавните средства се повикува на општа граѓанска непослушност во случај  на мобилизација на резервниот состав на ЈНА и ТЕО, а пред тоа заборавајќи или не знаејќи за фактот дека вооружените сили кај комшиите се на границите и ја чекаат нашата грешка и нивната шанса за распарчување на Вардарска Македонија.

Четврто, се повикува односно има обид за формирање на паравоени формации, овие информации се од јавните гласила, од Сојузот на комунистите - Движење за Југославија и ВМРО-ДПМНЕ од Битола што беше во сабота во Нова Македонија.

Петто, соопштението на ВМРО-ДПМНЕ дека ЈНА се спрема за воен удар во Македонија.

Шесто, се слушаат гласини за формирање на некакви автономии во Западна Македонија од страна на албанците.

Седмо, социјалните разлики од ден на ден се поизразени како резултат на затворањето на фирми, неисплатени лични доходи за повеќе месеци во стопанството, образованието, проблемите во здравството, културата, земјоделието, проблемите со невработеноста на младите кои, никако да дојдат до првото свое вработување, проблемите во органите на управата во врска со рационализацијата, локалната управа и сл.

Благодарение на мирољубивата политика што ја води Република Македонија, поточно нејзиното раководство на чело со Претседателот Киро Глигоров нашата Република го задржува епитетот оаза на мирот во Југославија. Но имајќи ги предвид сите горе наброени проблеми, може лесно да се случи безбедносно политичката состојба кај нас да се влоши. Затоа сметам дека треба сите пратеници без разлика на партиска припадност да престанеме со меѓусебни обвинувања и расправии и да отпочнеме со решавање на суштински, секојдневни проблеми што ги тиштат граѓаните на Македонија кои што со право реагираат на работата на овој Парламент и Владата на Македонија.

ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:

Господа пратеници, морам заради изнесувањето, не знам во која точка беше на господинот Зимбаков, сакам само да појаснам. Во Битола организацијата ВМРО-ДПМНЕ, расправајќи за актуелно-политичката и безбедносната ситуација во Македонија имаше само еден конкретен став, кој за жал, морам и овде да истакнам пред цела јавност и пред новинарите дека во вчерашна "Нова Македонија" беше изнесена една голема дезинформација. Всушност станува збор за тоа што ВМРО-ДПМНЕ од Битола, расправајќи по таа точка за безбедносната ситуација во Македонија донесе заклучок, доколку резервниот состав на милицијата во Македонија има потреба од луѓе доброволно ќе пријави свои членови и кандидати. Тоа беше се и тоа беше изнесено и преку радио Битола и преку другите информативни гласила и мене ме чуди и овој пат како и од редовите на нашите пратеници наседнуваат на такви дезинформации, а ве молам и вие што седите горе како информатори (се обраќа спрема новинарите на галеријата) во "Нова Македонија" и во другите информативни куќи во Македонија, оваа голема дезинформација да ја корегирате и да ја поправите.

СТОЈАН АНДОВ:

Инаку текстот што е прочитан на Радио Битола јас очекувам да го добиеме и да се подели на пратениците. Така да не треба после меѓусебни информирања и дезинформирања да има, туку текстот да се подели и секој да го има. Веројатно тоа ќе биде можно утре.

За збор се јави господинот Андонов.

ТИМЕ АНДОНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, патот кој што го избра македонскиот Парламент е добар и треба да продолжиме по него. Не треба да пребрзуваме со донесување на документи кои што можат да ја влошат моменталната ситуација, а не да придонесат за расплет на југословенската криза. Како и досега повеќе пати така и денеска ги поддржуваме гледиштата и ставовите на Претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров и членот на претседателството во федерацијата господинот Васил Тупурковски.

Горди сме што имаме вакви челници, кои имаат голем авторитет, како во земјата, така и во меѓународната политика. Деновиве и во Југославија и во Македонија се сретнуваме и се соочуваме со силен притисок, кризата и заплетот да се разрешат со недемократски насилни и вооружени и вонсистемски средства. Тоа важи колку за одредени кругови во ЈНА и во републиките Словенија и Хрватска и Србија, толку и за определени сили и партии во Македонија. Сето тоа е надвор, и наспроти на легитимните органи на Република Македонија, но и надвор од автохтоните интереси на македонскиот народ. Тие интереси наложуваат политика на мир пацифизам, дијалог, не насилство, правна држава и сигурност на граѓаните.

Во рамките на тие принципи и политичката контрола над ЈНА и над војнополитичкиот врв на земјата. Реформските сили во Македонија се залагаат за општествено-политичка демократска контрола на употребата на ЈНА, вооружените сили и ТЕО. Недопуштиво е некои генерали да го критикуваат и да го напаѓаат претседателот на Владата Анте Марковиќ. Некои вонпарламентарни партии како на пример СКЈ - Движење за Југославија и нивниот Републички одбор завчера навестија формирање на совети на народен фронт како

паралелни и револуционерни органи на власт.Во услови на надемократско функционирање на органите на власт во Македонија, таквите органи би биле потполн анахронизам и антидемократски облик на политичко дејствување. Реформските сили на Македонија се залагаат против такви облици, против силите и партиите што ги поттикнуваат. Таквите сили и иницијативи се против интересите на македонскиот народ и заедницата на слободни суверени југословенски народи и републики.

Доколку таквите иницијативи и предлози за совети на народен фронт се сериозни, тие партии треба да се бришат од регистрацијата на демократски насочени политички организации и здруженија во Македонија. СКЈ-Движење за Југославија треба да се брише од регистерот на политичките организации и здруженија во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Александар Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Социјалистичка Федеративна Република Југославија, заедница на шест републики и две автономни покраини, заедница во која постои сојузен устав кој никој не го почитува освен Македонија. Заедница во која постои државно претседателство, но прашање е како функционира, Заедница во која постои сојузна влада чии одлуки освен Македонија никој не ги спроведува во пракса. Армиски врв кој паралелно покрај цивилната редовна власт спроведува воена власт, а при тоа не може политички да се контролира. Всушност се работи за тивок воен удар.

Ако оваа состојба е ваква реалноста тоа го потврдува, не е ни чудно зошто наместо мир имаме војна. Во ваква состојба за почитување се напорите на цивилизирана Европа за мир, демократија, политички права и граѓански слободи, за дијалог и меѓусебно договарање и спогодување. Меѓутоа не е спорна и една друга вистина дека Европа и светот помеѓу тенковите се определи за народот. Прашање е на време дали денес, утре или после тромесечниот мораториум Европа и светот ќе ги признаат Република Словенија и Република Хрватска за посебни држави. Неоспорно е исто така, дека мораториумот Република Словенија и Република Хрватска ќе го искористат за целосно заокружување на својата самостојност, за признавање на сопствените меѓународни и правни субјективитети и интегрирање во Европа. Се поставува прашањето, каде е Македонија во сето ова?

Македонија во овој период донесе Декларација за сувереност на Република Македонија, Платформа за идно уредување на Југославија и ја поддржа Платформата Глигоров-Изетбеговиќ. Се поставува прашањето, дали е тоа доволно кога се има предвид фактот дека Платформата Глигоров-Изетбеговиќ иако е прифатена од Европа не е целосно прифатена во СФРЈ. Очигледно е дека Словенија и Хрватска барем за догледно време немаат намера да градат заедница со другите југословенски народи. Позицијата на Босна и Херцеговина е ослабена со оглед на нивната поделеност. Што значи дека Република Македонија може да преговара само со Црна Гора и Србија. А ние, изричито сме против редуцирана и асиметрична федерација. Останува само едно решение - Македонија да се сврти на сите страни, мораториумот да го искористи за донесување на уставни акти во кои ќе бидат целосно дефинирани положбата

на Република Македонија. Да ги засили меѓународните контакти и активности за да издејствува меѓународно признание и заштита на својата државност, па кога ќе дојде моментот да се осамостали и во најкраток можен период да се интегрира во Европа. Во спротивно сакале или не ќе биде вовлечена во крвави пресметки, а своите млади поколенија, кои ќе служат во Југословенската армија, ќе ги праќаат да гинат за туѓии цели и интереси. Европа досега ја жртвуваше Македонија, па ред е сега да и помогне. А што ние како Парламент ќе направиме нека суди македонскиот народ и историјата.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Стојановски.

ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се направија промени од прекинот на седницата, затоа и ќе има некои изменувања од намерите за кои мислев да говорам. Основно што треба да постигне овој Парламент е согласност барем за заедничката именка тоа е Македонија. Ние имаме различни партиски интереси, меѓутоа треба да се усогласиме кога бараме за една дсржава, тука да се разбереме и тоа да не ни биде спротивно. Јас често пати зборував дека постојат различни партиски интереси, меѓутоа треба да сватиме во овој Парламент дека седиме сега и како државници. Откако ќе ги раздвоиме овие два термина по содржина, ќе сме на јаснсо дека нашите одлуки ќе треба да бидат од интерес за државата Македонија.

Второ, основно да се каже барем нашите одлуки тука да бидат заеднички, да имаме една држава од еден народ, а со повеќе партии баш тоа е и содржина на живот. Меѓутоа, ние имајќи повеќе партии сакаме да направиме, како еден човек за што фигуративно

вчера изрази во разговор, јас не знам колку македонии имаме ние, имаме македонии на реформисти, имаме на Социјалистичка партија, имаме на ВМРО, и ги набројуваше партиите по ред. Токму оваа мисла ме наведе, да кажам овде пред овој Парламент дека ни е потребно одлуките да ни бидат заеднички и имајќи една Македонија.

Во оваа смисла сакам да речам повеќе да престанеме со меѓусербните натрфрлувања и надмудрувања, кога говориме барем сега за безбедносната ситуација во Македонија. Да имаме еден заеднички интерес и да го чуеме гласот на мајките. Овдека мораме да бидеме македонци. Се собраа нашите деца по законот, за служење во ЈНА, се распоредени на територијата на Југославија, меѓутоа тие услови се изменија и неминовно налагаат да се служи на територија на Македонија. Тоа е едниот дел.

Тоа што се наруши безбедносната ситуација кај народот е сега собирањето на резервниот состав. Ова собирање народот го свати како да сме повеќе во војна. Ние ќе сватиме и ќе разбереме само оној момент дека ЈНА ќе го свати народот ако овие луѓе кои се овде собрани веднаш да ги демобилизира и ги пушти да се вратат назад. Зошто е ова? - Индустријата не работи, другите претпријатија не работат, сега е сезоната за собирање на летнината. Цели семејства од селата се собрани од татко до внук на некакви си воени вежби а тие таму седат, од едно место на друго се префрлаат, тоа им е единствена задача, денеска да спијат во една касарна или во едно школо, а другата вечер ги префрлат во друго школо. Јас мислам само со враќање на резервниот состав ќе докажеме навистина, дека во Македонија е мир и оаза на мирот. Ако остане и понатаму резервниот состав собран за некакви си вежбовни средства, да знаете дека народот нема да ни верува за таа работа. Тоа е едниот дел.

Друго што сакам да кажам поoднос на состојбата на децата кои што се на отслужување на воен рок, надвор од Македонија, ако сите сте ја гледале положбата со однесување на резервниот состав што се случи во Тузла, јасно ќе ви каже дека и ние овдека овој Парламент, не само Владата, туку и ние како орган на власт, да донесеме одлука, нашите деца да не бидат ставени во тампон зона помеѓу две завадени републики, ние да бидеме тие кои ќе ги раздвојуваме.

На Парламентот му предлагам во оваа смисла да донесе одлука, да се предложи затоа што српскиот Парламент кој најповеќе бара заштита на своите граѓани односно на Србите во Хрватска, ги повлекува своите војници од служење во тие републики Хрватска и Словенија, а останува значи ние да останеме таму. Предлагам да се донесе одлука со која овие деца да бидат повлечени од таму.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитувани колеги и пратеници. Јас го почитувам излагањето поднесено на 6 јуни 1991 година од д-р Тупурковски, член на Претседателството на СФРЈ за активностите на Претседателството на СФРЈ за решавањето на сегашната југословенска криза, а денес ги слушнавме и резултатите постигнати од вчерашните разговори со претставниците на Европската заедница и усогласените документи со кои се создаваат предуслови за прекинот на воените дејствија, санација на настанатите последици и создавање на предуслови за отпочнување на мирно разрешување на кризата. Ова секако е добро, но и со себе носи многу неизвесности како и импликации кои може да произлезат. За мене ова се секако позитивни решенија кон барање на сегашната југословенска криза, меѓутоа мораме да кажеме дека тие претставуваат и изнудени решенија од причини кога не бевме во состојба сами да ги разрешиме сопствените проблеми, а тоа во секој случај ги става во предност оние кои веќе донесоа и еднострани одлуки.

Иако во поднесениот предлог размислувања на д-р Тупурковски не беа дадени попрецизни предлози за она што треба да чиниме, сепак од изнесеното може да се прават јасни смерници каде треба да биде насочена акцијата на нашиот Парламент.

Истовремено јас сакам да укажам и на едно мое запазување во еден дел на излагањето кое се однесува на делот на активностите на Претседателството што ги чинеше до 26 јуни 1991 година, како и оценките изречени во врска со тоа на Претседателството за ЈНА и единиците на територијалната одбрана на Словенија.

Верувам дека денеска, како што и повеќе пати го кажувавме, на меѓународната и на југословенската јавност и е познато кој е виновен и кој придонесе за сегашната криза во Југославија. Всушност

тоа и не е многу корисно, напротив нашето внимание треба да го сконцентрисаме кон она што треба да правиме понатаму, иако недвосмислено е дека сето ова имплицираше од крајно тенденциозните и сепаратистички однесувања на поедините раководители, донесените еднострани и непромислени одлуки, а би рекол и од недозреаноста и не на потребното ниво на поедини републички раководители за сегашните потреби и бурните процеси во кои денес живееме и се наоѓа нашата земја.

Донесувањето на едностраните одлуки и тврдоглавото настојување за нивнто фронтно извршување, ги предизвикаа крвопролевањата и ја доведоа земјата во денешниот хаос.

Пропагираните демократски општества се претворија во милитаристички режими со примена на оружјето, насилството и најгрубото кршење на човечките права.

Предлагам да ја осудиме ваквата политика и се залагам и ги поддржувам заложбите кои одат на линија за решавањето на југословенската криза да се врши по мирен пат, секако во контекстот на ова што беше изложено од страна на д-р Тупурковски од постигнатиот договор синоќа, меѓутоа секакоо имајќи ги предвид и сите интереси на народите ка Југославија, а посебно на Македонија и македонскиот народ и останатите националности кои живеат во Македонија.

Мислам дека нашата Република треба да продолжи натаму да дејствува конструктивно и да претставува кохезионен фактор во барањето на решенија на сегашната југословенска криза.

Треба да се воздржиме од донесувањето на брзоплети и еднострани одлуки, кога веќе имаме искуство до што доведе донесувањето на таквите одлуки. Треба да градиме сопствен пат за решавањето на прашањата за Македонија, македонскиот народ и народностите, ценејќи го нашето опкружување, лошите примери на другите ре-

публики како и негативните биланси од македонската историја за која во дискусијата беше доста кажано, секако и почитувајќи ги сите оние движења во Европа како и искуството кое го постигнавме во заедничкиот живот во изминатите децении.

Јас не се согласувам со присутните примери да се прави политички маркетинг во Македонија по најосетливите прашања и чувства на нашите граѓани, мајки и родители. Сметам дека тоа не е умно и не е хумано, а е и многу опасно. Тоа всушност може да донесе само поразителни резултати на подолгорочен план. Затоа предлагам ова нешто да го осудиме и спречиме. Исто така, се залагам за внимателност во правењето на оценки за поедините проблеми присутни во сегашната криза. Треба да правиме коректно разграничување во поглед на правата на народите, народностите, државните органи и институции од поединците кои се виновни за преземените еднострани и брзоплети мерки и активности.

Не се согласувам со изречените квалификации да ЈНА претставува агресор и дека постапките на ЈНА се непријателски и опасни. Познато е на сите како израз на ЈНА, кој ја сочинува и каква улога одигра во досегашната историја.

Јас мислам Југославија како легална држава и со висок меѓународен углед дека ќе остане како единствен пример во историјата да не се брани и нејзините надлежни легални органи се ставаат по страна, кога пред очите на југословенската и на меѓународната јавност, во услови кога таа е нападната најжестоко, со намера да биде срушена. Интересно е пак што за постапките на другите оружени формации, случајот на ТО на Словенија, единиците на МУП и Гардата на Хрватска ништо не се споменува, а имавме прилика во овие денови да слушнеме и да видиме како се постапува со младите војници, старе-

шините на ЈНА и члeновите на нивните семејства. Исто така, како се постапува со возилата и имотот по патиштата на Словенија кои се задесија овие денови.

Исто така, јас не се согласувам и со честите и груби напади на СИС. Добро се познати на стопанството и на граѓаните ефектите од мерките на СИС во ова исто време во минатата година: во извршувањето на соработката со странство и располагањето со девизните средства на граѓаните, а денес нашите претпријатија за да ги добијат од увоз основните потребни репроматеријали и стоки мораат да обезбедат конфирмирани акредитиви кај странски банки, а за состојбата со девизите на граѓаните, мислам дека ви е познато. Сето ова е резултат на политиката и клеветите и оспорувањето на политиката на СИС.

Овде беше изнесена информацијата на Стопанската комора на Македонија за состојбата во македонските претпријатија, предизвикани со едностраната и неразумна политика на поедините републички раководства. Иронијата да биде поголема таквата состојба е присутна и во другите републики. За ова доста сликовито зборува и изнесеното мислење на проф. Хорват во вчерашниот број на "Нова Македонија".

Излезот од сегашната економска криза мораме да го бараме во функционирањето на југословенскиот пазар и нормализирањето на неговите инструменти. Политиката конечно треба ова да го сфати и во сите понатамошни преговори и договарања треба да се појде од економскиот момент како прво и најприоритетно прашање.

Исто така, сакам да кажам дека треба да престанеме во овој Парламент со активностите кои одат на создавање на пресија за поедините политички прашања со кои се создава став и несигурност кај нашите граѓани и стопански субјекти. Овој Парламент усвои не-

колку значајни документи врз кои треба да следи нашата понатамошна активност. Затоа се залагам да престанеме со јаловите и опасни расправи, а нашата работа да ја концентрираме на решавањето на стопанските проблеми, на отворените прашања со кои се среќаваат нашите граѓани, на отворените прашања во меѓунационалните односи и во доне-сувањето на новиот устав и на новите закони. Да создадеме една плодна и ефикасна работна атмосфера во Парламентот со учество на сите пратенички групи, а со ова да створиме доверба и сигурност на сите граѓани на Македонија во овој Парламент. Затоа се залагам да го усвоиме излагањето на д-р Тупурковски со заклучоци кои ќе бидат насочени во таквите правци.

На крајот, сакам да укажам дека среќна околност за Македонија е што нашето раководство денес игра многу важна и корисна улога во разрешувањето на досегашната југословенска криза.

Добро е што тоа оди на разбирање и почитување кај сите фактори во Југославија, како и кај меѓународната јавност и меѓународните институции. Ние треба да го поддржиме ова и да побараме мирно понатамошно, сестрано ангажирање и понатаму упорно да настојуваат во реализацијата на дадените предлози. Со ова ќе ги оства-риме  и саканите цели за нашата поддршка од меѓународните институции и ќе придонесеме за разрешувањето на кризата во Југославија.

Исто така, потребни се и дополнителни и интензивни активности на раководителите од Републиката на меѓународен план, организирањето на контакти и среќавања со нашите соседи и земјите со високо меѓународно влијание и углед. Во смисла на ова, потребно е да се осмислат и активности на нашиот Парламент со парламентите на другите земји, како и на југословенските републики. Мислам дека само така можеме да придонесеме кон надминување на сегашните многу сложени проблеми.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Моето видување на политичко безбедносната состојба во која се наоѓа нашата земја е крајно сложена и кулминира во својот заплет и сопствена немоќ да се решат сите прашања меѓу републиките и резултира со почеток на граѓанска војна.

Немам намера да навлегувам во минатото и да барам аналогија за да ја докажам денешната вистина што се случува пред сите нас, затоа што сите денешни лидери живеејќи или пак сакајќи да живеат само од минатото, сакаа да ја срушат сегашноста без да градат нова сегашност и дефакто лесно може да се случи да останеме без иднина.

Слободно констатирам, тргнувајќи да направиме стопанска реформа и  да го надминеме стариот начин на стопанисување и преку слободната размена на трудот да се интегрираме во Европската заедница и да обезбедиме подобар живот за сите нас. За жал, нашата земја оди во еден силен дезинтеграционен процес кој се спремал повеќе години. Во овој контекст останува отворено прашањето кое ова Собрание треба да го предвиди, дали станува збор за надминување на стариот систем на организација на државата и градење на нов или пак станува збор за директен распад на една земја после втората светска војна.

Расчистувајќи го ова прашање нашата Република мислам дека ќе умее правилно да ја гради сопствената стратегија за да ја постигне и најдобрата цел.

Избирајќи го овој начин што се случува во земјата за преуредување или пак за дезинтегрирање, можам слободно,да истакнам дека фактички значи голема неспособност на сите федерални единки и нивните легитимни раководства, по редовен пат да ги променат си-

те надминати решенија во Сојузниот устав кои фактички не се во состојба реално да ги регулираат новонастанатите состојби во републиките по редовен пат, туку се определија оние најсилните да донесуваат еднострани правни акти кои директно го кршеа заеднички донесениот правен систем и кои божем на својот народ му обезбедија повеќе права од другите народи, а фактички никој не постигна ништо затоа што тоа резултира во еден тотален стопански колапс. Само со тоа успеавме пред светот и пред сопствениот народ да покажеме голема неспособност,- и без политичка мудрост, затоа што постигнавме само братоубилачка војна.

Истите оние кои одпочнаа со ваквата политика на донесување на едностраните правни акти, успеаја само да ги скараат југословенските народи па да се има се помалку доверба меѓу нив, да се има се помалку желба за демократски дијалог и заедничко живеење.

На крајот давајќи образложение дека е висок цехот да се плати за заедничко живеење во кавги и расправии, која кавга фактички и сами ја создадоа во земјата, донесоа и резолуции и декларации за раздружување. Таквата политика беше нудена и се нуди на ова Собрание.

Длабоко сум убеден дена ова Собрание незгреши ниту пак ќе греши затоа што и практично се покажа дека донесувањето на едностраните правни акти не водат кон демократски начин на разрешување на кризата, туку водат кон она најтешкото што се случи во Словенија, па и деновиве во Хрватска.

Република Македонија треба и натаму да ја гради сопствената зацртана политика, да ја материјализира со донесување на нов устав кој под итно треба да го донесе во овој рок од три месеци, да се зафати со разрешувањето на стопанските проблеми, да изгради сопствен стопански развој за да му докаже на својот народ и

светот дека може и тоа да го стори. Да создаде концепт на заштита на материјалните вредности од поткраднувањето и оштетувањето во овие тешки времиња, со кое ќе создадеме и материјална сигурност на нашиот граѓанин.

Радува фактот што нашата Влада се зафатила со проблемите што се гледа од Програмата која ја изготвила и под итно да се отпочне со материјализирањето на истата за да направиме чекор напред од оваа тешка состојба.

Сметам дека и понатаму треба да се бориме за разрешување на кризата преку демократски дијалог и заеднички договор. Да го почитуваме правото на секој, па и правото на осамостојување и отцепување, а да се почитува и нашето како рамноправен партнер. Да ја реализираме донесената Платформа на претседателот Глигоров-Изетбеговиќ и силно да се подготвиме и за сите неповолни варијанти кои може да ни се случат во овие нестабилни времиња.

На крај, да завршам, посигурни и посилни сме кога сме сите заедно.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, дами и господа,

Јас нема да читам поеми и реферати, ова што ќе го речам произлегува од досегашните излагања и дискусии, а и од една препорака од родителите од Битола кои одржаа вчера состанок со претседателот на Собранието и министерот за Народна одбрана во Собранието на општина Битола на 5-ти 1991 година. Сметам дека повеќето ние од дискусиите зборуваме за историјата, како историја за IV одделение, а потоа се навраќаме на ситуацијата што треба. Така не би требало да дискутираат образовани луѓе, туку треба да дсискутираат за настантите проблеми и ситуацијата што не очекува. А кога било Разлошкотовостание и другите работи, за мене се тоа повеќе за децата од IV одделение. Јас сум благодарен со тоа што велиме дека Македонија е оаза на мирот. Меѓутоа, оаза на мирот за тој што му е синот до него, а да го прашаме на тој што му е таму, дали му е оаза на мирот. И затоа ќе треба и тоа да го цениме, кога ќе го речеме оаза на мирот. Ако се смени составот на децата да имаме ние таму свои синови, па ќе видиме како ќе дискутираме и најголем функционер и најголем воен фуккционер во друга улога тогаш ќе дискутира кога би бил таму на положај неговиот син или неговиот внук. Затоа тука треба ние да го свртиме вниманието, а не да велиме оаза на мирот. Зборуваме дека ваквата ситуација ја носи економската криза. Па кому му користи таква мобилизација дали не е тоа уште продлабочување на економската криза со толкав резервен кадар, чување во касарните или на другите места, трошење на средства, а сега знаете овој летен период треба да се обавуват најтешките и најпотребните работи околу прибирање на овогодишната

реколта во земјоделството, а со тоа се губат и огромен дел на неизработени надници, а треба некој да работи за нив и да се исплатуваат. Тука треба вниманието да го свртиме, а историја ќе учиме кога ќе одиме на факултет итн. Се вели дека се прават паники и застрашување на родителите со викање. Зошто тоа г-динот пред родителите да го каже.Тука беа собрани од цела Македонија никој не излегува да им рече не треба ние партиите да правиме така, туку сега онака. Треба да бидеме секаде јасни. И пред родителите и овде. Тогаш ми се чини ја зборуваме вистината,а не одкога си отидоа родителите сега не треба да креваме паника. Кој крева паника? Никој не крева паника, туку тој што го боли, на тој што му загина синот таму, а не паника дека родителите барале и дека некој вели. Кој ги натера? Зошто порано не креваа паника. Никој тоа не може да го дозволи да гинат наши македонци секогаш за туѓи интереси на скарани народи и републики. Тоа го имаме почувствувано секогаш и во Илинденското востание.Дали тогаш Словенци и Хрвати дошле да се борат на нашата страна? Дали во балканските војни дошле да ни помогнат тие? Никогаш. Секогаш сме биле оставани на цедило и измамувани и привлекувани од друга партија. Зошто се критикува армијата. Самата се искритикува што дозволи, кај се тие генерали со толку одликувања, знаеме, што дозволија таква шпионажа внатре да им се вовлече да ја растурат. Тие ја донесоа оваа криза. Не ја донесе народот. Требаше тие стратези, тие научници требаше тие тоа да го увидат совреме, да не дозволат да навлезат од странство разни фракционери па да дојде до ваква ситуација. И сега ние да ги вадиме нај врелите костени од водата, македонците.

Јас предлагам да надвладее разумот да се донесат такви документи, делчарацока од која ќе произлегува нормативни законски акти кои во рок од еден тромесечен период да се усогласи се, да не не согази времето, како што не согази, а тие документи да мируваат да се види каква ќе биде ситуацијата и што да се  прави. Никако повеќе овој вака рече - оној онака рече.Сметам дека родителите  се во право, ова не е мое, ова е барање на родителите од Битола што бараа, да не ги читам, тие се три-четири барања. Прво, ранетите македонски војници најитно да бидат вратени назад на одмор и да останат на отслужување во Македонија. Второ, останатите воени обврзници , со се војниот старешински кадар, офицери и подофицери и тие да бидат повлечени во Македонија, се додека овој тромесечен период се смири ситуацијата да не би гинеле за туѓи интереси.

Трето, да не се праќаат во другите републики, туку да го отслужуваат војниот рок во Република Македонија, се додека се излезе од оваа воена ситуација и криза. И на крајот, ова не е мое, бараат доколку Владата не излезе во пресрет, министерот за народна одбрана да се повлече.

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас морам да почнам со една констатација и со едно мислење кое последниве денови ми се наметнува и како прашање. Се поставува прашањето кому му пречи сегашниот мир во Македонија? Дали овој релативно мирен простор треба да се наруши и со тоа да згасни и последната шанса, или да се уништи и последната а,ка во лицето на нашите претставници кои сеуште имаат некаков креди-

билитет во однос на другите раководства републички, да поттикнвуаат да посредуваат, во преговорите ид а учестувваат во договорите. сов еке на некој начин завојувани страни и скарани републички раководства. Едноставно мислам дека соновното за кое треба да се заложиме, треба тоа да се мегива и да се искористи нешто и за себе. Ојбективен интерес на Македонија да се отстрани говорот на оружјето од политичакта карта на Југославија, да се потисне силата и да се поврати разговорот, дијалогот и договорот меѓу републиктие и народите . >И по престанувањето на воените дејствија и игри треба сепак да се седне на зелената маса и да се устрои новиот живот, без разлика за кои рецепти или решенија ке се одлучиме.

Прво, треба да констатираме дека нема ниту една причина да ги менуваме основните постулати на платформата на Глигоров и Изетбеговиќ , без разлика дали тоа некому му одговара или не. бидејки за мене веке стануваат доста симптоматични изјавите на претседателто Кучан последно време кој што во рок од 24 часа дава различни мислењеа. Час не доага во предвид ниту Сојузот на суверени држави, вчера една сосема група кованица што тешко се разбира, мегутоа зборува пак за некој договор.

Второ, сите наши заложби треба да се движат само воп насока за мирно разрешување на сите спордни прашња на овиј политички простор во Југославија, без разлика кавки ке бидат ктајнтие решенија,д али сојуз на суверени држави, или пак разидување. Во таа насока треба целосна поддршка на активностите, на Тупурковски, и претседателот Глигоров.

Трето, треба енергично да се залагаме за дезангажирање на сите воени и паравоени формации и полициски сили во земјата. Исто така, сакам да подвлечам дека во Македонија, посебно надлежните органи и колективната свест и јазност, не смее да дозволи било какво вооружување по партиска основа и создавање на партиски воени форма.ции. Тоа би било крај за Македонија. Тогаш сегашнтие вербални мегупартиски пресметки кои што можат и да се поднесуваат утре би биле претворени во крвави пресметки.

Четврто, денеска станува уште поактуелно, можеби спасоносна Европската опција за Македонија. Оттука, овој тромесечен интермецо треба мудро, активно, достоинствено да се пополни со дипломатска офанзивна активност. Македонија мора да стане коска во грлото на сите незајажливи апетити, а воедно да ја сипружи својата рака за соработка со сите партнери од блиското соседство, Балканот и Европа.

Петто, Бидејки и Европската тројка, како што слушнавме од излагањето на -Тупурковски се противи на сите еднострани и насилни акти не би биле на едно сериозно ниво ако сега ние предначиме до 15 јули, па донесеме таков еднostran акт, туку заклучокот треба да биде во овие 3 месеци да се вложат сите напори и да се донесе највисокиот правен акт на Републиката, тоа е Уставот во кој ке се дефинираат уставно правните стојалишта на идната суверена држава.
На неговото донесување треба да бидат вклучени што поголем број на стручни и јавни институции и целокупната македонска јавност и граганите. Ова доголку е поважно , бидејки зад нас не стојат ниту референдумски, ниту плебесцитарни одлуки кога се носат такви суд-бински прашања.

Посебно предлагам од расправата да му предложам и на претседателот да се формира интерпарламентарна група за подготвување на овие заклучоци да се сумира оваа расправа и да се земаат предвид и заклучоците што ги донесовме од 18-та седница да има некоја коресподенција со нив.

СТЕФКОВСКИ ___________ : :

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во преголемата желба иднината на Македонската држава да ја градиме во мир и демократија, во која би се афирмирале творечките и работоспособнтие одлики на македонскиот народ, во желбата тоа да се оствари што побрзо, при што честопати имаме и несоответно однесување, сепак стои нашата оценка дека се што се правеше во овој Парламент, се правеше се во добра намера со цел да се оствари државноста на Република Македонија во сегашните услови на разрешување на југословенската криза за прв пат во целосен интерес на македонскиот народ и граѓаните во Републиката со неговото најнепосредно учество.

Распоредот во силите на Парламентот веќе јасно налагаат дека ниедна парламентарна група не може сама да ја оствари државноста на Македонија, туку дека тоа трба да биде пред се грижа на сите парламентарни групи се во интерес на македонскиот народ да не правиме поделба, туку да заеднички одиме во сотварувањето и создавањето на самостојната македонска држава во Сојузот на суверените држави.

Кога се работи за националниот интерес на македонскиот народ, за неговата држава во ова немирно време, треба да одиме заедно

заради општото добро на македонскиот народ. Единстовто денес ние најнеопходно потребно како никогаш досега, поради што договарањето е неминовно и потребно за идното работење на овој Парламент. Не е битно чија партиска програма се реализира. Програмите треба да отстапат место на националниот интерес на Македонскиот народ, зашто тоа денес е единствено важно, судбоносно, а не одредена партиска корист или ситни поени. Поготово што одредена партиска корист може да биде штетна и да го разединува македонскиот народ, Ете затоа ВМРО Демократската партија за македонското национално единство е за македонско едиснтво во ова време и е спремно тоа да го оствари со сите кои ја имаат таквата спремност во остварувањето на самостојноста на македонската држава во сојузот на суверените држави.

Со други зборови одреден мораториум за однесувањето на политичките партии по оние прашања за кои е потрбен претходен договор, мора да се има и да се постигне. Тоа на Македонија и е потребно и тоа го бара од сите што учествуваат во работата на овој Парламент и што треба да одлучуваат за иднината на целиот народ.

Парламентот не треба да биде само фабрика за донесување на закони, туку централно место за договарање на државноста. Партиското однесување е едно, а државничкото е друго и во овој момент тоа мора да биде основно начело на однесвуањето на овој Парламент. Како пример на не соответно однесување ќе го наведам писмото упатено до нашиот Парламент од Парламентот на Словенија во врска со нивното обраќање со плебисцитот за раздружувањето, одлуките за масовнсот и слично по кои ние не расправавме. Ако расправавме јасно е дека во расправата ќе мораше отворено да се каже дека на прашањето на нивното раздружување се работело долго време

и дека таа иста Словенија изврши со години стопанска дестабилизација и на нашата Република низ најразновидни форми. Таа расправа секако ќе укажеше на фактот дека без расчистување за договарање за сметките од заедничко живеење не е можно едноставно напуштање на југословенската заедница. Верувам дека платформата на нашиот претседател г-дин Глигоров,тоа ќе го обезбеди. Мислам дека овде затаи Владата како и на соодтветен начин и овој парламент што го одолговлечуваше псотавувањето на ова прашање на дневен ред. Затоа сметам дека крајно е време овој Парламент и сите ние државнички се однесуваме. Сакам да го спомнам излагањето на г-дин Иванов кој што во целост ги потврдува овие укажувања во однос на стопанската дестабилизација што на доследен начин и е искажано на конференцијата на стопанскта комора на Македонија. Тоа го бара и декларацијата за суверeноста на Република Македонија која создаде обврска за промена на уставниот и правниот систем во републиката. Не политичките партии, туку Владата треба веќе да ги предложи и да отпочне процесот на прогласувањето на Република Македонија за суверена и самостојна држава во рамките на Сојузот на суверена држава.

Сметам дека Владата на Република Македонија треба да одговори дали прогласениот мораториум од 3 месеци треба да се преспие да бидеме во очекување дека југословенската криза ке се разреши во братска љубов, што е невозможно односно да предложи се она што ќе ја обезбеди и гарантира македонската самостојност.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ: (продолжение)

Тоа треба да се стори веднаш. Доста се плашиме од некого да не предизвикуваме.

Владата на Република Македонија ќе мора да им одговори дали поддршката што ја даде Парламентот на господинот Анте Марковиќ, свесно на штета на Република Македонија, не треба да се преиспита во духот на последните збиднувања.

Од тука во оваа актуелна политичко-безбедносна состојба Владата е таа која треба да ги влече потезите и на Парламентот да му поднесува извештај со оценки и предлози на потезите што треба да се усвојат и реализираат.

Во однос на искажувањето на господинот Васил Тупурковски сметам дека треба да се даде посебна поддршка, а посебно на сите дејствија и активности што ги презема, со што сето тоа добива верификација и од Парламентот и може да бидат вградени во заклучоците што ќе бидат донесени од денешната расправа. Тоа е и доказ за спремноста на Република Македонија за мир и договарање.

Отсуството на претставниците на албанците во Парламентот, доколку продолжи, е на штета на албанското население и тоа би требало да се надмине. Нивното отсуство, доколку е во рамките на некакво сценарио за дестабилизација на Македонија, не само што е непримерно, туку денес во овие кризни моменти кога се одлучува за судбината на Република Македонија може да се толкува и како застанување од другата страна на барикадата, што во историјата беше и често. Примерите се блиски. Ете, затоа сметам и

заради довербата кон македонскиот народ нивното учество во работата е потребно.

Сметам дека и сите политички партии треба да покажат одредено воздржување со издавањето на соопштенија, зашто истите можат да бидат штетни и по нив самите. Мислам дека во овој Парламент треба да бидеме начисто, а за тоа ја повикувам Владата да даде појаснување како може од етничка група да се стекне народност, во која постапка и кој Устав.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Во оваа фаза на југословенската криза или во ЈУ-хаосот пак се научивме на една вистина дека нови држави се создаваат и исчезнуваат само по пат на војна. Мислам дека мораториумот е прилика и за Европа и за Југословенската заедница да покаже дека постои и мирновремен проект за разрешување на кризните состојби. Дали тоа ќе биде , ќе покаже периодот од овие три месеци. Меѓутоа, бројот на мртвите , како и бројот на оние што убивањето го усовршуваат, покажува дека сеуште се применува нецивилизациски рецепт за разврската на југословенската криза. Мислам дека надежите за југословенското раздружување или здружување можат сеуште да се изведат врз мирновремен политички рецепт , модел, иако тие се мали. Мораториумот да го прифатиме како последна можност, но и како доказ за старата изрека дека секогаш и по секоја цена и после војната мора да се седне и да се разговара.

Еве веќе и на Европа и станува јасно дека пука и нејзината зграда и дека се судираат и победниците и победените во II-та Светска војна. Европа за да ја докаже верноста на демократијата и на владавината на правото мислам дека во фазата на

мораториумот мора да ја насочи разврската на југословенската криза врз мирновремен и цивилизациски проект.

Бидејќи процесите на раздружување во југословенската заедница се веќе во напредната фаза, заради тоа што се покриени со политичката волја на народите во републиките, мислам дека сепак сеуште не се во таа фаза да не може да се најде релевантна разврска на југословенската криза.

Македонија во овој југословенски хаос мислам дека во целото време одеше по свој пат и врз политичкиот рецепт за мирно демократско разрешување на југословенската криза. Значи, сакам да речам дека не трчаше по други, досега не влегувавме во никаков остаток, но се декларираме и дека не влегуваме и во новите творби.

Се поставува прашањето каде се пречките за разврската на југословенската криза.

Мислам дека со создавањето на републики-држави концептот што се изведе на целокупниот југословенски корпус, југословенскиот реал-социјалистички модел ке може да биде пречка заради тоа што тој веќе и не постои. Се поставува прашањето која е пречката. Мислам дека со трасформацијата на републиките во републики-држави се појави на површина едно недоволно апсолвирано прашање и начинот на неговото разрешување, а тоа е малцинското прашање, бидејќи републиките-држави се покриени со политичката волја на колективитетите на народите, а малцинското прашање е исфрлено од опција, така што мислам дека едно демократско и правно разрешување на ова прашање по европски модел со експлицитно

прифаќање и директна примена на европското законодавство онака како што е таму, мислам дека може да биде апсолвирано во овој период на мораториум и ова прашање.

Мислам дека ние , кога реков дека имаме своја опција и своја определба која е на релација на мирновремен рецепт и модел на разрешување на југословенската криза, дури и посредничка улога во останувањето на оваа опција, треба да останеме и натаму на тоа и да не се декуражираме дека немаме опција за разврска на југословенската криза.

Кога станува збор за сецесија, мислам дека времето и настаните ни покажаа дека сецесијата може да ја слабее платформата. Зошто? Заради тоа што сецесијата бара обврзно импутна сила односно го става на прво место воениот фактор и на тој начин го дисквалифицира демократскиот пат за разрешување на југословенската криза.

Кога во овој контекст на настаните сме соочени со вознемирување на мајките од Македонија за своите деца, мислам дека овој Парламент треба да бара од Претседателството на СФРЈ како надлежно и мериторно и како врховен командант на вооружените сили да предложи едно решение што може да ги смири емоциите на овој простор, за да не се соочиме со влошување на настаните од оваа природа.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немав намера да зборувам, меѓутоа , бев предизвикан затоа што има една поговорка која вели: "народот што не си ја знае историјата заслужува да му се повтори". Излегувајќи на говорница ризикувам

повторување на веќе чуени и изречени мисли на нешто препознатливо. Но поучени од минатото дека е подобро добро да се размисли и процени пред да се донесат било какви решенија, особено ако се судбоносни, потребно е повторување и потенцирање на нештата. Мудрите луѓе се учат на туѓите грешки, а ние упорно на своите. Не ми се доволни поуките од минатото кое сега се повторува. Како што беше веќе изречено од оваа говорница морам да го повторам, Горноцумајско, Серско, Мелничко, Петричко, Валандовско, Виничко и многу други, треба да ги прашаме за тоа. Никој нема право да решава сам за дилемата пред која бил исправен и Даме Груев кога на прашањето од Гоце зошто се согласил за востание кога добро знае дека не е уште време, дека народот сеуште не е подготвен одговорил:"кога не можев да ги одвратам си реков, подобро ужасен крај отколку ужас без крај", зашто дилемата останала, независно од тоа дали е наметната од страна.

Ние треба да процениме дали времињата се промениле или останале исти, дали волците се тука и дали некои од нив само влакното го смениле, а паметот останал ист.

Пред нас е и прашањето кој кому му ја крои капата. Одговорот колку неверојатен повеќе е вистинит. Капата секогаш ја кроеле нечии интереси, но секогаш од страна. За тие интереси загинале многу македонци, борејќи се во разни војски се до создавањето на ова сега што го имаме, така што некои го нарекуваат една мала оаза на мирот. Нека биде и пустината Халахари. Ние  само тоа го имаме, а тоа да го сочуваме ни хреба мудрост, а не само

храброст. Денес да се биде добар политичар веројатно предуслов е да се биде и добар еквилобрист. Треба да им веруваме на луѓето што сме ги избрале, да веруваме во нивните способности и добри намери, зошто македонската нација е во истребување било политичко било физичко од памтивека до денес. Ние не можеме да се пофалиме како соседите кои по Балканските војни кога ја распарчија Македонија рекоа дека она што го добиле и го заслужиле по силата на оружјето. Македонија застапувајќи пацифизам, треба да стави до знаење дека нема одвишок луѓе за гинење како што веќе беше изнесено на оваа говорница.

Затоа, осамостојувањето на Словенија и Хрватска не е проблемот, никој не е против легитимните права на еден народ, се надевам барем што се однесува до Македонија, но , а секогаш постои едно "но" , отцепувањето на Словенија како едностран акт е всушност како бркање во џебот, како што некои обично имаа обичај да се изразат. Не велам дека за се е виновно словенечкото раководствсо за тоа ќе суди историјата подоцна, но ние живееме во сегашноста и тоа нам ни е многу важно. Ниту брак не се разведува преку ноќ, а не држава. За 46 години заедничко живеење ние сме создале некои заеднички вредности. Се се прави во името на некаква демократија. Јас не ја замислував демократијата како аждер што ги јаде своите деца. Никогаш нема да го прифатам тврдењето дека армијата во која и мојот син може да биде е мој окупатор. Сите тие тврдења за мене се само политички игри за добивање на политички поени пред европската јавност, а и самите имаат вкус на внесена идеологија, Едно е сигурно, никој не може да му наметне на словенецот да се

чувствува повеќе германец или како сака отколку славјанин, ако е тоа негово убедување и никој не може да му забрани со кого ќе живее, дали со братот или со соседот.

Од Солун наваму многу крв е пролеана во името на демократијата, а сите знаеме дека методите на демократијата не се насилни. За тоа е и сомневањето. Подобро беше Словенија да го одбереше Гандиевскиот метод, ќе се стекнеше со многу поголеми симпатии во Европа и светот, зашто ова сега што се случува не се симпатии туку ничии интереси, вековни соништа.

Понижувањето што го доживеа Југославија последниве денови , после угледот што го уживаше во светот, а стекнат со толку труд, одрекување и трпение сите не тера во резигнација и бесперспективност. Сето тоа го прокоцкавме преку ноќ, но со тоа сигурно не стекнале слава и почит племенските поглавари туку напротив ќе бидат запишани и запаметени како неразбрани егоисти кои се насладуваат на својата и туѓата несреќа.

Би сакал да кажам и некој збор за армијата , односно одговорните генерали кои успиени во својот конформизам ги испратија нашите деца на кланица, кога веќе не знаеле да ја проценат ситуацијата да ги заштитат војниците, наместо да даваат разни изјави и соопштенија, да си поднесат оставка и да одговараат пред народот. Од трите зла на минатото - гладот, чумата и војната денес е пресудно третото, но ако не го отсраниме него ќе ни затропаат на врата и другите. За тоа сите наши сили и целиот ум треба да ги употребиме за отстранување на таа опасност. Најодговорно и најсериозно треба да се запрашаме и да побараме одговор дали е тоа што го имаме денес во Југославија демократија или нешто сосема друго. Во чие име, и за кого тече невина крв?

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господин претседателе, почитувани пратеници, морам да кажам лично јас и од некнешната расправа и на денешнава седница која продолжува по истата тема, чувствувам една голема празнина поради тоа што отсуствува барем минимум адекватен материјал презентиран од Владата за нас овде пратениците, особено празнината е многу продлабочена од прични што сето тоа го правиме во еден ваков актуелен политички миг со вакви драматични созвучија какви што се. Тензијата е зголемена и оттаму што некои дисонантни созвучија што деновиве одделни министри на Владата ги дадоа внесоа додатна недоумица пред се кај мене како пратеник во овој Парламент, а верувам и меѓу народот во Македонија. Јас се надевам дека деновиве и Владата тоа го почувствува, но еве за жал до овој момент ние практично не добивме ни еден лист како Владата гледа целосно на таа проблематика и таква презентација да ни даде нам овде.

Инаку, денешната расправа а и оваа некнешната за политичко безбедносната состојба би имала смисла до колку сите ние што сме во оваа сала би тргнувале пред се и над се и единствено од интересот на Македонската држава и сите граѓани на Република Македонија. Барем досега во расправата во некнешниот ден и денес тој приод го имаме, но веројатно отсуствува едно распознавање, се појавува еден далтонизам во тоа да ги распознаеме кои се тие македонски интереси. Досегашното стрпливо и еднодушно градење на нашите ставови во разрешувањето на југословенската криза, изразена преку познатите документи што ги донесе овој Парламент, Декларацијата за сувереност на Република Македонија, рамките за разговори за иднинатата на Југославија, понатаму Платформата на претседателот

Глигоров-Изетбеговиќ која воедно стана Платформа и на оваа Република, доживеа целосна афирмација и поддршка кај сите граѓани на Република Македонија најпрво, а за тоа сите ние сме сведоци и кај сите прогресивни и демократски сили во Југославија, како и целосна позитивна оценка во демократскиот свет во Европа и пошироко во светот.

НАЌО СТОЈАНОВСКИ: (продолжение)

Оттаму, дел од овие документи што се презентирани во Декларацијата на Европската делегација кои се денеска пред нас, кои го акцептираат методот и приодот што го има таа Декларација. Врз основа на истата Платформа и определбите во неа, можеме слободно да заклучиме дека сеуште таа е наша реална надеж и покрај се и сешто што деновиве се случуваше и што се случува и би било потребно по мое мислење, за овој тримесечен мораториум да се настојува да се прифати истата и операционализира и кај другите субјекти во Југославија, а нашата Влада императивно е потребно за овој временски период до крај ги изготви сите политичко-правни акти и истите ги достави на ова Собрание на усвојување.

За овој нареден тримесечен период да ги искористиме до крај сите можности таа Платформа да заживее, а доколку сме длабоко сигурни дека сме ги исцрпеле сите можности и немаме шанси и успех во тоа, тогаш да се апсолвираат и одредбите од Декларацијата од членот 7 од Декларацијата за суверенoста на Македонија.

Ваквиот приод е, пред се, заради прво, принципиелниот автентичен и оргинерен интерес на Република Македонија и на сите граѓани што живеат во неа и покрај сите опкружувања во кси се наоѓа истата.

Второ, заради европската опција во нејзе и се што таа акцептира и заради европското признание на истата.

Трето, ако сакате и заради некои историски неминовни реминсценции  кои се јавуваат и асоцијации од горчливата историја на македонскиот народ изразени во формата на одлуката на Смилевскиот конгрес од 1903 за предвремено востание кое сакале или не нужно ни се наметнуваат и повторуваат, но сега веќе како можна фарса.

При оваа пригода ќе мора да се истакне дека е првенствено нужно Владата на Република Македонија, иако во последниов период постојано нагласува дека е подготвена за да реагира на сите можни прокоби кои можат да ја задесат Републиката во пред енормното случување во овој момент покажа дека всушност за сето што се случи како на пример едностраното отцепување на Словенија, интервенцијата на ЈНА, мобилизацијата во Македонија и другите апсурдни случувања ги дочека некако неподготвени и повлече некои потези кои внесоа додатна тензија и вознемиреност кај граѓаните како на приме. Ако оценката беше дека политичко-безбедносната состојба е поволна во Македонија а таква оценка владееше и неколку пати беше истакнувано во јавните гласила од претседателот на Владата и во други пригоди,тогаш на улиците во цела Македонија излегоа специјални одреди на Министерството за внатрешни работи со што на некој начин на посреден или директен начин им стави на знаење на граѓаните дека наместо мир и демократија и перспектива им подготвува репресија и јужно-американски панорами.

Според изјавите на поодделни министри дадени деновиве во јавноста, очигледно е дека се стекнува впечаток дека дејствува како раштиман оркестар или барем минимум дека не гледа на состојбите во Македонија и Југославија на единствен начин, со што исто така доведува до додатна збунетост меѓу граѓаните.

Исто така е недвојбен впечатокот дека во Република Македонија и покрај потврдената декларативна сувереност во целиот овој период и Декларацијата за сувереност и секаде во секоја прилика кога го истакнувавме тоа, факт е дека сме се помалку суверени односно факт е и тоа дека на некој начин деновиве заживува и одредено двовластие што се гледа, пред се, во фактот дека ЈНА врши мобилизација која е спротивна на одлуките на органите на Република Македонија односно на одлуките на Владата.

Од овие причини и некои други апелирам Владата со цела сериозност и одговорност ги свати обврските и задачите за да ги остварува своите функции до крај во смисла на сите политичко-правни и законодавно-правни акти што ги има донесено овој Парламент до сега, пред се, тргнувајќи од Декларацијата за сувереност и во смисла на другите позитивни прописи кои се на снага за да во крајна линија ги пресретнува настаните и да не ја става Републиката во позиција на исчекување, неизвесност или свршен чин.

На крајот би сакал да кажам дека јас лично чувствувам потреба по некои искажувања во овој Парламент дека Партиајта СК -движење за Југославија обзнанува дека ќе врши одредено формирање на свои групи за одбрана. Мислам дека има потреба Советот за народна одбрана на Републиката да расправа по прашањето за организацијата, надлежностите и вкупните состојби во ТО, а доколку е потребно и ние како Парламент на една од наредните седници благовремено отвориме расправа по тие прашања се со цел евентуално да не не пресретнат и не не изненадат некои состојби.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ :

... -

Почитувани пратеници, ако внимателно го следев излагањето на г.Тупурковски тој презентираше еден документ од Европската заедница кој гласеше - Декларација по која треба да се посвети особено внимание на новонастанатата ситауција во Југославија. За жал не слушнав од никого овде коментари за таа новонастаната ситуација и јас немам намера да навлегувам во содржината на истата, бидејќи на сите ни е позната содржината. Новонастанатата ситауција нам најдобро ни е позната, меѓутоа, мене ми е непријатно што таа ситуација ни ја предочуваат луѓе од туѓи земји и кај мене

предизвика едно размислување зошто е така.

Јас ќе се обидам да дадам зошто овој Парламент има многу различни мислења за исти работи и од тие мои искажувања Ве молам да ме сфатите дека немам претензии ни една партија или личност да форсирам или некоја друга да потценам, но ќе зборувам едноставно за разликите во луѓето без разлика на која партија или народ припаѓаат.

Имено, многуте поделби меѓу луѓето по пол, вера, раса, национална припадност постои и една друга поделба - категорија која не е никаде регистрирана, а тоа е што на една страна постојат луѓе, а тие се многубројни кои откако нештото ќе се случи, тогаш го осознаваат дека тоа се случило. На другата страна постојат луѓе кои со својата дарба и способност на анализа на претходните настани предвидуваат одредени ситуации тоа се таканаречените визионери во светот. Додека кај сите народи таквите луѓе се ценат како непроценливо богатство, гордост на тие народи, а во наша Македонија таквите луѓе се проклетство на оваа Македонија. Ова го зборувам затоа што низ историјата се потврдиле многу примери за луѓе кои предвидувале што може да се случи во оваа наша земја меѓутоа, не биле прифатени од тие народи и немам намера да ги повторувам.

Меѓу категоријата на тие луѓе постојат одредени луѓе кои исто така се визионери, ја сфаќаат ситуацијата, меѓутоа, од одредени благородни возвишени цели, тврдам одговорно, често пати тие свои размислувања ги приведуваат или кон едната страна создавајќи трета опција. Сега што се случува меѓу нас? Познато е дека македонскиот народ е питом, мирољубив, меѓутоа, кога ќе почне да се расправа меѓу себе злобата му е поголема од духот.

Ние почнуваме да се расправаме до таа мера и да се негираме да се надвикуваме, да полагаме право на вистината само на својата опција.Бидејќи секоја од тие опции има своја вредност во позитивна или негативна смисла наместо да седнеме да се договориме тие што се позитивни работи заеднички да ги изградиме како став, а негативните да ги отфрлиме, ние упорно тврдиме дека нашето е најправилно и највистинско. Бидејќи сега сме често пред јавноста благодарение на јавното информирање, во прв ред на Телевизијата, тие наши несогласувања и поделби се рефлектираат кај народот  и кај нашите следбеници и нормално сега од една страна имаме луѓе кои ја поддржу-ваат едната опција, од друга страна другата и од трета третата и доаѓа до такви несогласувања меѓу народот каде што колеги се расправаат, поделби меѓу нациите, поделба меѓу брачните другари поделба меѓу татко и син. Таквите поделби нам не ни одговараат никако. Вие сите знаете дека во една парламентарна демократија каде е застапен плурализмот се тврди од социолозите дека за секоја неволја, мака и страдање што го има народот самиот народ е виновен. Зошто самиот народ? Затоа што му се дава можност самиот да се определи кој ќе го води и видете што се случува сега кај нас, Немојте да дозволиме македонскиот народ да се почувствува виновен а тоа ќе значи осуда и казна за нас пратениците што сме овде.

Имам впечаток кога ќе влеземе овде во овој Парламент едвај чекаме да има седница па некого да го нападнеме, да го обвиниме и кога ќе заврши седницата да се пофалиме на некој начин видете што му направив вчера на Гошев, видете ние што му направивме на Љупчо Георгиевски, видете ние на Андов што му направивме, кому сме направиле? Сами себеси сме си направиле лошо и на нашиот македонски народ.

Вчера најсвеж пример ми беше излагањето на г.Цветан Јовчевски. Жалосно било тоа што го доживувале нашите резервисти таму во касарната во Куманово, меѓутоа трагичен беше приемот на неговото излагање од нашите пратеници овде. Среќа што Цветан Јовчевски имаше доволно јаки аргументи и не замолча на време.

Кога сум тука сакам малку да се оддалечам од оваа тема и да му честитам на г.Цветан Јовчевски што не паднал на ниво на кое бил тој старешина таму кога го навредувал нашиот Парламент, нашата Влада, нашиот народ, па не му рекол каков што си ти офицер, каков е раководниот кадар во ЈНА таква е и ЈНА. Јас мислам дека е добро што не направил така бидејќи и во ЈНА има чесни и добри офицери кои работат таму.

Исто така за вториот случај што го напомнав за Македонецот кој се заканувал дека ќе го тепа народот, тоа ме потсеќа на човек со едно око. Кога го прашале пријателите кој ти го ископа окото, рекол брат ми, е затоа е толку длабоко. Затоа би ве замолил сите пратеници и сите што учествуваме во овие расправи кога ќе влеземе овде на оваа врата да се потсетиме на грандиозното дело на Хемингвеј кој во својата содржина обработува тема токму како што се наоѓаме ние во Југославија во граѓанска војна. Посветата на таа книга, да не ја цитирам целата туку само последната реченица е многу значајна коај вели вака: "Затоа никогаш не прашувај за кого бијат камбаните. Камбаните бијат за тебе". Ние, ако продолжиме со овие расправии меѓу себе ние во овој момент еве единствено да ви кажам само очајот на татковците и плачот на мајките ни е заеднички, друго ништо немаме заедничко, а тоа е катастрофа за македонскиот народ.

Следејќи ги сите седници што сме ги имале во Парламентот забележувам една констатација само една расправија, едно подметнување, ако така продолжиме и тие рефлекси на настаните што го поделуваат нашиот народ ве уверувам многу брзо камбаните ќе бијат за целиот македонски народ.

СТОЈАН КОВАЧЕВ:

Имам реплика.

Почитувани пратеници, јас ја разбирам добронамерноста на дискусијата како вид на каење за нешто што до сега излегувало од овие пратенички столици и оваа пратеничка говорница меѓутоа, мислам дека треба решенијата да ги бараме прво внатре во пратеничките групи од причини што констатациите дека до сега некој друг не делел се точни, меѓутоа, поразно е она што ние се делиме не од сега и не од вчера.

Етничката карта во НИН што скоро излезе не е сигурно добронамерна. Меѓутоа, како ќе си објасниме "Народниот глас" весник од Прилеп кој излезе скоро со напис на еден од пратеничката група на која и припаѓа претходниот говорник кој тврди дека во Македонија постојат само 200 илјади чисти Македонци. Со 200 илјади чисти Македонци Арнаудов нема ни македонска држава ниту самостојна ниту суверена. Спрема тоа мислам дека проблемите лежат во нас, точно е тоа, меѓутоа, камбаните можеби сами ќе ги биеме.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (реплика)

Само едно сакам да му одговорам на почитуваниот колега Стојан, дека само 200 илјади чисти македонци признавам, тоа не е став на ВМРО, тоа не е став на нашата партија.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата. Во целост го поддржувам и оправдувам вкупното залагање на претседателот господинот Глигоров и претставникот на Република Македонија во Претседателството на СФРЈ господиот Тупурковски, како и донесениот заклучок од овој Парламент и преземената иницијатива од страна на господинот Тупурковски, дури и ризикувајќи го својот живот со повеќекратното одење во Загреб и Љубљана.

Демократскиот дијалог и иницијативата и овој пат ја доби битката но како сублимиран фактор во оваа состојба се јавува Европа и Западна и Источна преку сите постојни институции на КЕБС. Самите интереси и претензии на поедини претпознатливи западни земји се обелоденети и од Европската заедница која тоа го осуди. Но, сепак, влева надеж и последниот договор настанат на Вриони. Но, дали таков договор не беше можен и при одржувањето на состаноците на шесте претседатели на републиките? Дали дадените гаранции на тие договори еднострано не се прекршија и не почитуваа од двете северни републики. Тие водачи на сеонистичките републики во изборите се залагаа за демократија, плурализам, демократија на независното информирање, а во моментот се среќаваме со најкурпулозна анархија, со тутолатиризам и строго цензуриран и контролиран информативен простор. Дали моменталниот договор на Бриони не е само една латентна состојба која не ќе изроди нешто повеќе во зацртаниот мораториум? Гледано од гледиште на Словенија и Хрватска, што во моментов најостро го осудувам. Ставот на Република Македонија е јасен. Но, тоа треба подобро да се објасни и во Европа а и пошироко. Тоа е барање кое го постави мојот колега пратеник Зоран Крстевски, а самата реализација да се обави од пратениците на нашиот прет-

седател господин Глигоров. Овој став барам да влезе во заклучоците кои ќе ги донесеме од оваа расправа.

Во однос на состојбата на Република Македонија ќе се за-држам единствено на прашањето на мобилизацијата, а повод ми е изја-вата на господин Фрчковски дадена за Македонската телевизија.

Од неговото искажување не е јасно дали тој го искажува ставот на Владата или неговиот лично, ако е јасно дека досега не-ма промена во регулирашето на оваа материја. Воедно, настанатата забуна на македонскиот народ. Поради тоа, побарувам и соодветно толкување од Владата која за мене е единствено мериторна.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, морам да признам дека навистина сум збунет од состојбата во која се наоѓаме во Југославија. Збунет сум од односите кои помалку или повеќе ги створивме сите и неможноста да се најде демократско и мирно решение за идното уредување на Југославија, барањето на помош односно асистентција од надвор за да не смири ни дава за право да констатирам дека 50 години успеавме да лицемериме меѓу себе и да се лажеме. Навистина е ова феномен. Сметам дека некој во светот ќе докторира на оваа тема како можевме 50 години лажејќи се меѓу себе дека во братство живееме, во заедништво, во ова, во она, а да на крајот еден врз друг го уперивме оружјето. Беа кажани доста работи овде и не би сакал да повторувам, доколку успеам ништо од тоа, но би сакал да кажам неколку збора во врска со отцепувањето на Словенија.

Ние како Парламент, дури и никој во оваа земја, веројатно немаше против доколку сето тоа го стореше на еден легален, мирен, демократски и договорен начин. Република Словенија е очигледно дека

по пат на сила сакаше да се отцепи односно се отцепи до онаа мера, до која се отцепи, а не е точно дека насилно се запираше нејзиното отцепување. Мене ми смета кога ќе се зборува дека ЈНА отишла во Словенија да го сопре отцепувањето. Ви се молам, ЈНА не само во Словенија, туку се наоѓа на територијата на СФРЈ, на меѓународно признатите граници и таа беше таму како и во Македонија, меѓу другото и да ги чува и границите и Словенците од евентуален надворешен агресор. И во никој случај не може да стои дека армијата извршила агресија врз Словенија.

Улогата на армијата помеѓу другото покрај она што со Уставот на СФРЈ е предвидено беше и таа тоа го стори направените многу километри, стотици километри, асфалтни патишта во Словенија, мостови и други работи. Можеше ли армија која до вчера учествуваше рамноправно со населението во изградбата на таа Словенија во еден момент да биде непријателска, да биде агресорска и да се пука врз 19 годишните млади војници, без разлика било да се Македонци, или од било која националност, односно Република во Македонија. Пукањето врз 19-годишните млади луѓе е пукање врз себеси. Пукање врз иднината и на тој народ кој се сметаше дека е демократски и на тоа раководство кое сметаше дека треба што побрзо да се појде во Европа, но сметам дека Европа, незнам колку ќе и биде по ќеив да прифати земја, односно Република во нејзините редови со 36 илјади професионални убијци кои за ништо друго не беа подготвувани туку да пукаат врз војниците кои со ништо не допринесоа да се пука врз нив.

Кога зборуваме за невините жртви во Словенија, притоа не би можеле а да не се потсетиме на грешките на офицерскиот кадар на ЈНА. Не ми е јасно како можеше да се направи таков превид дека 36-те илјади наоружани луѓе со најразноразно оружје не беа случајно наоуружани да го дочекаат некого и да го почестат. Туку, таа повеќе-

месечна или повеќегодишна припрема најверојатно се однесувала на оној момент кој се случи пред неколку дена.

Сметам дека барањето за донесување на одлука за враќање на војниците, не би сакал да го спорам од причина што моите чувства на родител се помали од другите или моите чувства за сите други деца, за одговорноста за сите други деца се помали, туку сметам дека не може да се донесува брзоплето таква одлука без за тоа Владата на Македонија, односно Советот за народна одбрана да дадат законско и стручно толкување какви би биле последиците по безбедноста на самите војници и какви би биле последиците за безбедноста на Република Македонија, што во никој случај не може да се занемари. Никако не мислам дека нашите деца војници треба да бидат изложени во опасност. Затоа сите активности на претседателот на Републиката и членот на Претседателството и нашите апели од овде зборуваат да се заштитат тие млади животи.

Во врска со ставот на Македонија околу разрешувањето на југословенскиот проблем сметам дека не треба ништо да се менува. И најголемата гаранција за опстојувањето на Македонија е нашето барање за мирољубиво и демократско решавање на сите проблеми без употреба на сила.

СТОЈАН АНДОВ:

Се јавија за раплика.

_________________:

Сметам дека претходниот говорник истапи со многу свои еднострани искажувања во однос а тоа на јакнење на угледот на Југословенската народна армија, а не да ги објасни работите како што стојат. Сметам да дадеме објаснување како што даде претходно Анте

Марковиќ, како треба да постапи армијата. Армијата постапи малку и поинаку. Не одите да ги чува само границите во државата Словенија, туку влезе и во внатрешноста и во градовите. Проблемот е толку специфичен што сметам дека секое наше искажување тука не може да одговори на објективната ситуација која е од причина што правата состојба не се знае и не треба ние да се навредуваме еднострано како и што да постапуваме односно како ќе се оградиме. Многу е битно тоа што кај овој народ е создадена една таква слика за Словенија која не е само од сега негативна, туку е години уназад. Ние од тие луѓе не сме прифатиле ништо. Во која смисла? Во смисла на тоа што тие подобро го уредиле својот живот, нема ниедна куќа а да нема во нејзе асфалт, што имаат висок општествен стандард, што во основа се многу вредни луѓе кои сакаат да се договорат и кои го исполнуваат договореното, меѓутоа во една заедница каде што не се почитува договореното, видоа дека истото не може да се реши, па сакаат да напуштат поради тоа што не можат да постигнат договор за заедничко живеење. Јас сметам дека прерано ние искажуваме судови особено што ние дадовме доверба, господинот Тупурковски да го изнесе ставот што го кажа тука. И тоа е добро, меѓутоа сите ние полни ни се устите со демократијаа забораваме а нашиот македонски интерес. Интересот на Македонија е во преден план, затоа што и кога ќе заврши оваа афера, а еден ден мора да се заврши, ќе се седне да се разговара за интересот, за чистите сметки. Да не дозволиме ние толку неспремни да бидеме па пак да плаќаме туѓи сметки. Интересот наш мора да го ставиме во преден план. Не можеме ние да тврдиме, ние сме посиромашка нација и верувајте тоа е така. Кога би ми дошол мене еден Албанец и да ми каже нешто за демократија, јас го гледам сиромав, поинакво гледање имам за него. Ние демократијата ја сватифме во таа смисла што ние како Македонци многу кажуваме за

демократија а од друга страна богами и добро тепаме. Се изнатепавме на Косово. Тоа немојте да го заборавите.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Прво сакам одговор на последново прашање дека ние како Македонци односно граѓаните на Македонија се помалку демократи и помалку знаат за демократија од било кои други. Не е точно, Ние сме најголемите демократи според наша оценка и со ништо до денеска немаме сторено тој епитет да го нарушиме. За ова нема никакви аргументи и мислам дека е многу паушална оценката.

Во врска со тоа дали ЈНА нападнала или била ваму или била таму, прво информативниот простор во Словенија, јас не бев тој што го блокирав, второ никакви информации нема дека прва армијата испалила куршум. Армијата не беше само на границите, туку беше и во градовите. Тоа е точно. Таа се наоѓа во сите градови, бидејќи ги чува и виталните објекти, аеродромите и уште многу други објекти. Немав никаква намера да ја бранам армијата, но се ставам во одбрана на 19-годишните војници кои со ништо и никој во светов не може да го оправда пукањето врз нив, па макар тоа правел шест држави одеднаш суверени. За тоа има многу подемократски и почесни начини да се дојде до таквата цел, а не преку куршум.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Страшно трошиме енергија непотребно за одредени работи. Сакам да ве потсетам дека денес сме 8 јули и се изведува на македонските полиња најголемата акција - собирањето на житото. Ако македонската држава за која што сите плачат за нејзината судбина овде не ги наполни своите амбари со жито, не ја собере летнината односно не го обезбеди вториот дел на сувереноста, а тоа значи

економската сувереност ќе ја доживее судбината на соседна Албанија каде што има и сувереност и држава а сите нивни граѓани сакаат да ја напуштат бидејќи нема што да јадат. Исто ја има и судбината на Бугарија каде што и достоинството почнаа да го продаваат за некоја црвена и т.н. Затоа ве молам ако сакаме да бидеме достојни пратеници на овој Парламент, ако сакаме да бидеме достојни застапници на оние што не бирале и да не остават тука во оваа сала да седиме и да дискутираме и уште повеќе да ја користиме телевизијата да не слика и да се фалиме со тоа, дајте да седнеме да не трошиме енергија, туку да се свртиме, Мислам јасна е работата. За овие материјали се договоривме и илјада пати, шест седум седници дискутираме за тоа дека во дадено време ќе се донесе и овој документ, тогаш кога ќе биде потребно. Меѓутоа, како да ја спасиме македонската економија од пропаст. Што утре ќе им нудиме на луѓето да јадат и каков одговор ќе дадеме на оние мајки и родители кои ќе дојдат исто во ова Собрание и во овие клупи кога ќе кажат дека нивните деца од глад умираат и како да ги спасат да не умираат од глад.

Целата наша економија е во тотален колапс. Сметам дека време е да излеземе односно да имаме непрестано заседание како да ги решиме овие проблеми. Од Владата да бараме да ни дадат елаборати како да ја спасиме нашата економија. Не овде да држиме говори за истории, да докажуваме дали некој е поправ или неправ. Сметам дека сите сме во право кога сакаме да створиме една македонска држава. И оние луѓе кои ги овластивме, а тоа е претседателот на Собранието на Македонија, членот на Претседателството и сите други наши раководители, оценивме дека пет-шест пати дека и исправно ги бранат интересите на македонскиот народ и на граѓаните на Македонија. Ако е тоа така, тоа да го потврдиме, да ги задолжиме а Владата под хитно да излезе со елаборат каква ни е состојбата со економијата

и да седнеме за тоа со денови да расправаме.И само така ние ќе бидеме и добри Македонци и добри граѓани и ќе дадеме нешто прилог за оваа земја да ја извадиме од оваа ситуација.

Јас ве молам да престанеме со ова, да ја заклучиме оваа маратонска седница, да се прифатат овие излагања, имавме од прва рака каква е ситуацијата знаеме каква е ситуацијата во Македонија и да може утре да седнеме да видиме каква ни е економијата. Да почнеме едно по едно да ги решаваме овие прашаша бидејќи без оваа економска сувереност, па ние 45 години имавме формална сувереност, Не само ние, сите. Од АСНОМ до денеска ние сме суверена држава. Меѓутоа, за жал економски бевме нееднакви, нерамноправни и затоа се тие проблеми што се јавуваат денеска. Јас ве молам да престанеме и да ја заклучиме оваа седница. Нема потреба да докажуваме кој е подобар или кој полошо говори. Секоја чест на тие што знаат подобро да зборуваат, меѓутоа дајте ако мислиме за Македонија добро да престанеме и да почне да се работи она што треба да се работи.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи и претходниот говорник ја спомна летнината, земјоделството и стопанството, само би потсетила дека околу 7000 луѓе се мобилизирани и дали во моментов има кој да ја собира летнината во Македонија. А сега би продолжила.

Македонија е апостолска земја. Нејзиното име го среќаваме и во светото писмо и во библијата како и во многу други древни документи и материјали, забележани и усно пренесени народни преданија во стих и проза и сл.

Македонија со местоположбата што и припаѓа, го зафаќа средиштето на Балканскиот полуостров и безмалку еднакво е оддалечена од центрите на старата цивилизација Рим- Константинопол.

Македонија има богато минато. На нејзини простори пред новата ера се роди и се сили познатото царство на Филип и Александар Македонски, а потоа во Римско и Византиско време, Македонија прераснува во една од најзначајните стопански и воено стратешки провинции на светата Римска Империја и посебно за нејзината источна половина така да речеме Византија. Јас бидејќи гледам дека се намалува концентрацијата, да ви кажам дека не мислам да држам историски предавања, сум замолена од господинот Димитар Галев, од претседателот на земјоделската партија да го изнесам ова.

По доаѓањето на славјаните на Балканот со центар во Македонија, иако во еден покус временски период од нашата ера од 976-1018 од нашата ера, опстојува и познатото военољубиво и просторно Самоилово царство за кое во последните 50 години многу е пишувано и оспорувано.

Апетитите да се поседува Македонија и тоа по секоја цена, се присутни и кај сите Османско- турските владетели меѓу 1371 и 1912 година, како и кај соседните Балкански држави Бугарија, Грција

и Србија кои се почесто ја атрибутираат Македонија како златно јаболко и како јаболко на раздорот на Балканот .

Посегнувачите не ги обзираат фактите што Македонија располага со богато историско и културно минато. На Македонските простори се родија и твореа првите апостоли на славјанската писменост браќата Кирил и Методиј и нивните ученици Климент и Наум Охридски.

На истите тие простори работеа рационапросветителите и преродбениците: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теотосиј Синаидски, Јордан Хаџи-Костантинов- Џинот, Браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Григор Прличев како и револуционерите: Даме Груев, Ристо Татарчев, Гоце Делчев, Јане Сандански, Ѓорче Петров и др, чија дејност исто така е позната во круговите на културната јавност и на двор од балканските простори.

Денес кога за прв пат во историјата на страната на Македонија се наоѓа и демократска Европа, граѓаните на Македонија, Македонскиот парламент, Владата на Македонија и сите политички партии на Македонија треба да се соочат со вистината, да сватат дека се наоѓаат пред историска одговорност, да реагираат на време и тактично и повторно да го исфрлат на преден план најприфатливиот лозунг за доброто на сите балкански и европски народи "Македонија на македонците - бидејќи само преку него ќе се попречи патот на грубите шовенистички посегања.

За таа цел земјоделската партија на Македонија му предлага на македонскиот парламент да ги усвои следните заклучоци: (Платформа за итно донесување на правно политички документи за прецизно обликување на самостојноста на Македонската држава:)

1. Донесување на Декларација за самостојна македонска држава Република Македонија.

Оваа Декларација ќе стапи во сила до колку за време на

Мораториумот од 3 месеци не се постигне согласност за сојуз на суверени држави од страна на сите 6 Републики.

2. Паралелно со разговорите за сојуз на суверени држави да се формира Координационо тело од експерти на паритетна основа за разграничување на меѓусебните и надворешните заеднички долгови.

- Владата на Македонија веднаш да ги изготви сите неопходни закони за функционирање на самостојна Македонија и ги достави на усвојување на наредната седница на Парламентот, а одредбите од Законот за регрутација и мобилизација со кој се упатвуаат наши регрути и воени обврзници надвор од Македонија, да престанат веднаш да важат.

3. Новонастанатите услови и околности кои произлегуваат од процесите на демократизација во Европа и овозможуваат на Македонија во принцип во немеѓународната комуникација за правото на секој народ на самоопределување до отцепување и здружување со други и на тој начин еднаш за секогаш да се обезбеди со статус на рамноправен член во семејството на европските народи.

4. Правно-политичкиот и стопанскиот систем на Македонија се уредуваат со Уставот на Македонија, кој за да ја гарантира целосната самостојност и сувереност на Македонската држава нема повеќе да произлегува од Уставот и законите на СФРЈ. Последните ќе имаат правно дејство во Македонија до колку не се косат со одредбите на македонскиот Устав. Во тој однос Македонија ќе бара и разграничување на надворешниот и внатрешниот долг на земјата, како и меѓу републиките така со Федерацијата.

5. Македонија, како национална држава на македонскиот народ и како татковина на сите национални малцинства има свои државни симболи грб, знаме и химна, што ќе произлезат од историското и

културното минато на Македонскиот народ- Националните малцинства во Македонија ќе им бидат гарантирани сите права кои произлегуваат од меѓународните договрри и повелби.

6. Целосна деполитизација и дезидеологизација на науката, културата и образованието, како и отстранување на секаков вид двојства во учебниците и другата литература, кака основни носители на националниот нихелизам, националните флустрации, предавствата, поделбите итн.

7. Изнаоѓање на најадекватни можни решенија за врски на македонската дијаспора со Матецата земја Македонија.

8. Отворање на Македонија спрема соседите, премавнување на сите видови гранични ограничувања, како пречки за духовно и културно обединување на македонскиот народ.

9. Покренување на иницијатива за свикување на Светски Македонски конгрес.

10. Грубите шовенистички и економски посегања врз Македонија било внатре во земјата или однадвор претставуваат неодменлив предизвик кој предупредува дека Македонија треба да биде една од првите Југословенски републики што ќе стекне право да објавува неут-ралност под заштита на Европскиот парламент.

Потпишан е претседателот, м-р Димитар Галев и предлага при доенсувањето на Заклучоците да ги имаме предвид и предлозите од неговата партија.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеницик почитувано претседателство, Уставно правниот статус на СФРЈ сакале ние тоа да го признаеме или не е променет. Две републики донесоа акти за самостојност и независност и го започнаа процесот на раздружување. Словеначкиот и хрватскиот

народ имаат право да го остварат правото на самоопределување кое е утврдено со меѓународни конвенции и со документите на Обединетите нации и КЕБС. Впрочем, секој народ има неотуѓиво право да одлучува за начинот на својот живот, за својата иднина, но се разбира нема штета на останатите. Во таканаречениот преоден период треба да се изврши делбениот процес, да се расчистат сметките и евентуално да се редефинираат односите, доколку постои интерес за да дојде до договор за формирање на конфедерација.

Сметам дека употребата на сила, во случајов интервенцијата на ЈНА во Словенија е непромислен чин, кој не оди во прилог на мирно демократско разрешување на кризата. Тука е неминовно поставувањето на прашањето за одговорноста на СИС кој дал дозвола за примена на сила или пак ако тоа не го сторил СИС за одговорноста на воениот врв за кој што постојат индиции дека во голема мерка е осамостоен. За тоа говорат и настапите на генералите Неговановиќ, Аџиќ, кој што директно преку ТВ екраните му се закануваат на народот од позиција на сила. Се прашувам против кого, дали против словенечкиот народ?

Го поддржувам предлогот на господинот Македонскиот парламент да ја признае сувереноста и самостојноста на Република Словенија. Всушност Словенија и Хрватска преку своите легално избрани органи изгласаа акти на кои им претходеа плебисцит во Словенија и референдумот во Хрватска, на кој се изјаснија вкупно околу 7 милиони луѓе. Така, никој нема право да ја оспори волјата на тие народи. Уште повеќе што тие акти беа најавени однапред, поврзани со рокови во случај ако претходно не се постигне договор за сојуз на суверени држави. За неуспешното досегашно договарање, вината неможеме да ја префрлиме само на едната страна, па сметам дека голем дел од

одговорноста сноси и протагонистот на српската хегемонистичка политика Слободан Милошевиќ, неговите еднострани потези во економијата и политиката, како и игрите околу изборот и неизборот на Стипе Месиќ за претседател на Претседателството, кое што значеше блокада на врвот. Истата личност на 7 јули даде милитантна изјава која што е врв на политиката на исклучивост и затвореност со која го повикува српскиот народ во одбрана на Србија. Се прашувам од кого? Дали тука одбраната не се третира како одбрана на српскиот народ кој живее на територијата на другите републики. Нели е тоа директна закана на мирот и територијалниот интегритет на републиките, манифестација на идејата за Велика Србија. Индикативно е што Милошевиќ во српската војска ги вбројува единиците на ЈНА, кои се наоѓаат на територијата на Србија, единиците на ТЕО и паравоените формации. Очигледно е најдрастично непочитување на Уставот на СФРЈ, на кој што постојано истата република се повикува. Впрочем, според Уставот на Србија Слободан Милошевиќ е врховен командант на оружените сили на Србија. Нели се сите овие факти и најава на веќе формирана републичка армија. Но, исто така Словенија под своја команда ја стави ТО, а Хрватска се вооружи наспроти сојузните закони. Каде е тука местото на Македонија и на македонската ТО. Македонија како република досега со ништо не придонесе за заострување на кризата, ниту пак за доведување во прашање на нејзиното мирно разрешување. Напротив, преку своите претставници се заложуваме и сеуште се залагаме за дијалог, за взаемно почитување доколку е тоа можно, за воспоставување на нов договор, за сојуз на суверени држави.

Но, мене ми е далечна и исто така неразбирлива можноста за која говори претседателот на Босна и Херцеговина Алија Изетбеговиќ

во изјавата дадена во "Интервју" за весникот "Сарајевско ослобоѓење", дадена на 7 јули која гласи: "Наша цел е мирна Босна, цела Босна, макар и поробена. Ќе ја врати еден ден слободата". Раздробена Босна никогаш повеќе нема да добие ниту мир, ниту слобода. Се надевам дека во Македонија вакво нешто никогаш нема да биде изговорено. На Македонија и е потребен мир, но не мир по цена на слободата, не условен мир и слобода на поробениот, тоа е противречност во поимот, без да навлегуваме во правото да им се мешаме на легално избраните органи на Босна и Херцеговина. Чинам дека нашата определба треба да произлегува од декларацијата за сувереност, која што ја усвои Парламентот, од ставовите кои што ги застапуваа во своите јавни настапи тука пред нас и во јавноста господинот Никола Кљусев, претседателот на Републиката Киро Глигоров, за иднината на Македонија, која што може да биде содржана или во конфедерација или во  нејзино целосно осамостојување.

Со оглед на ново настанатите проблеми во односите помеѓу републиките прифатлива е иницијативата на Васил Тупурковски за редефинирање на позицијата на Македонија за нејзина нова позиција. Согласно Декларацијата за сувереност треба да се повикаме на член 7 од кој што произлегува донесување на Уставен закон со кој што ќе се прогласи самостојна и независна држава, која ќе го преземе извршувањето на суверените права што Републиката ги остварува преку органите на СФРЈ. Но, во период од 3 месеци да се одредат и меѓусебните односи со Републиките.

Од друга страна ако наша определба е мирното разрешување на кризата кој ги поттикнува воените игри , дозволувајќи насилна мобилизација на територијата на Република Македонија. Познато е дека Македонската влада донесе одлуки во кои што во точката 3

децидно се вели: "да не се врши мобилизација на резервниот состав на територијата на Република Македонија". Не почитувањето на одлуките на Владата се оправдува од страна на министерот на НО околу Уставот на СФРЈ со немањето на уставни ингеренции од страна на Владата да се сопре процесот на собирање на воени обврзници. Тоа се всушност постапки директно спротивни на Декларацијата за сувереност. Командата на III воена област се однесува како Македонија да нема легално избрани органи, што значи негација на Македонскиот народ и на Македонската држава. Сметам дека Македонскиот парламент треба да ја задолжи Владата да го измени законот за регрутација и мобилизација и да прилагоди на Декларацијата за сувереност, да побара повлеквување на македонските војници и старешини на територијата на Република Македонија. Водечките политички личности треба да се заложат да се оневозможи натамошната злоупотреба на граѓаните на Македонија да се борат за овие или оние интереси на едната или на другата страна. Ако таква одлука беше донесена порано, поводот беше случајот со Сашко Гешовски, како што беше најавено од страна на Републиката и на Македонската влада немаше сега да ни се случува тоа што ни се случува. Имено, да ни се враќаат македонците во мртовечки сандаци или начнати за цел живот со преживеаните психички стресови.

Бараме од Македонскиот парламент да побара од Владата и претседателот на Републиката да преземат се што е во нивна надлежност за спречување на натамошната злоупотреба на македонскиот народ.

ДУШКО ЃОРЃЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, после еве долго, три до 4 часа денешна расправа можеме да заклучиме минатиот пат можевме оваа седница да ја завршиме и на денешниот ден или утре да расправаме за дел по други суштински прашања кој што се од витален интерес на Републиката. Меѓутоа, кога продолживме веќе би сакал само неколку работи да изнесам после овие опсежни дискусии од 2 дена, а мислам дека и во таа функција беа и претходните две расправи за истата точка. Сметам дека веќе сите знаеме и многу работи во земјата излегоа со појасна виделина иако сеуште се наоѓаме во прилика на медиумска војна, на блокадата на информативниот систем, меѓутоа, се она што во овој период и во ова кратко време од 1 или 2 години се одвиваше во земјата под маската на Демократијата веќе е сосема јасно и сосема се јасни тенденциите кој се во земјата, во кои правци се настојуваше таа да се насочи и што под маската на демократијата се сакаше да се оствари.

Сакам само неколку работи да кажам, надоврзувајќи се на повеќе дискусии. Мислам дека ние како Македонија навистина во овој краток период со искрени желби за нов договор во Југославија со сите демократски атрибути и на сите простори настапивме и за тоа можеме да имаме и преку нашите претставници и како парламент барем во досегашното наше однесување дигнато чело. Ние не се обидовме ниеден народ, ниедна народност и ниедна република, ниедна институција со разни манипулациии да ја изиграме. А мислам дека после ова се што се случи во Југославија и ние како Парламент можеби малку треба да се почувствуваме како изиграни од, прет се, нашите договарачи, нашите преговарачи, нашите сонародници од другите републики и за тие што можеби премногу ги поддржувавме во ангажирањата

низ процесот на демократијата да ја доведат земјата на работ на војна или е во војна итн. Сметам дека како Парламент барем во досегашните мерки и активности што ги презедовме, мислам дека водиме една политика која што преку Декларацијата, преку платформата, ни дава за право и светот дозна за Македонија, светот преку нашите одлуки и ставови ја доведе Републиката како најдоверлива и преку нејзините, ангажирања во Југославија на некој начин ја исфрли на прво место, затоа што сите други опции во Југославија се покажаа дека се доста егоистични и дека поаѓаат исклучиво од сопствените цели. Мислам дека ако ние денес заговараме, еве повторно излегуваме со одредени заклучоци од некои партии кои што се вонпарламентарни итн. и ќе ги продолжиме нивните ставови, во услови кога дознавме а можеби и порано знаевме меѓутоа со една резерва гледавме на тие прашања што некои републики со години station наназад се подготвуваа за овие чинови и се подготвуваа за оваа разделба на некој начин со Југославија. Зашто, со ништо неможеме да го оповргнеме нивниот економски, финансиски, монополски итн. однос во претходниот период кој што во голем дел беше на штета на нашата Република.

Второ, на површина мислам дека овие сите 3 опции или 2 опции со оваа трета која што ние преку платформата на двајцата претседатели ја протажираме, а двете се знаат кој се, исто така, се докажува една ситуација која што во секој случај тешко и во периодот покрај ова денес заедничка декларација што ја читавме, покрај сите оние на некој начин појдовни основи за создавање на услови за некој договор, јас истотака, изразувам еден скептицизам и неможам да бидам оптимист, затоа што многу време досега се изгуби и често пати низ политички манипулации се создаде простор за да се доведе Југославија до овој степен. Дали тоа беа од страна на оние кој што сакаат да

создаваат божемски сојуз на суверени држави или сојуз на суверени републики или другиот дел на модерна федерација итн., мислам дека кога даваме оценки , а сметам дека барем во овие два дена и Парламентот полека гледам низ сите дискусии сме доста поблиски до ставовите и често пати на некој начин не сме еднострани, иако на претходните седници имаше доста еднострани дискусии, а се со, барем по мое мислење, од аспект да прифаќаме она што ни годи, а го отфрламе она што не ни годи, па за Парламентот сметам тоа може само да му штети и да не не носи во правец на она што значи излез од ситуацијата во која што се наоѓаме.

Мислам, исто така, барем преку дел од средствата за јавно информирање, она што се случи во Словенија неможеме да ја правдаме ниту ЈНА, но во никој случај неможеме да правдаме ни тоа што се случи на територијата на Словенија.

ЃОРЃОВСКИ ДУШКО:

Ако сакаме да имаме аршин онаков коректен , сметам дури преку средствата за јавно информирање се дознава дека во Словенија не војуваа само територијалците. Јас не можам да бидам сигурен во оваа изјава. Меѓутоа, се повеќе струи меѓу народот дека во Словенија беа и некои платеници. Не тврдам дека е така и немојте да ме држите за збор. Меѓутоа, стои преку средствата за информирање. Начинот на вооружувањето и свирепоста во нападите за време на прекидот на примирјето и прогласувањето на мирна ситуација, мислам доволно кажува каков е односот и што со таа медиумска и политичка и пропагандна војна се доведе во една ситуација да веќе ги рушиме сите мостови кои ќе значат мостови за заеднички договор и простор за заедничко живеење. Продолжува таа пропагандна војна и денеска и очигледно дека треба огромни напори на Претседателството на СФРЈ од ангажираните прогресивни снаги, а ги сметам оние кои навистина се залагаа за демократија и за мирна разврска на ситуацијава, а не преку повлекување на војниците од ЈНА со демобилизација и со незнам што, што нешто носи, што пак оди во правец на тие што сакаат да ја разбијат Југославија. Мислам дека единствен излез е од сегашнава ситуација обезбедување навистина враќање на војската во касарните и под контрола , сериозна контрола на она што значи сојузните органи, односно Претседателството на СФРЈ, а во тие рамки, исто така, и она што значи воени и паравоени и не знам какви све органи и организации што се формираа во минатиот период во републиките.

И второ, кога зборуваме за сотојбите во Републиката, сметам дека забелешките што беа тука изнесени, ние за таа ситуација моравме да имаме барем една најкратка информација од Владата. Не од аспект што ние преку ноќ ќе ја решиме ситуацијата, меѓутоа, од аспект на дел од мерки што беа преземени, а и од аспект на она како Влада или како Парламент може да се договориме и како ја гледаме иднината на развојот на севкупните состојби во Југославија. Објективно повеќе пати слушнавме оценки дека имаме релативен мир. Тоа е факт. Ние имаме една таква ситуација. Имаме негодување за ова што се случи во Словенија и во Хрватска. Меѓутоа, исто така, немаме барем во овој момент никаква конфликтна ситуација.

Меѓутоа, мене ме загрижува она што денеска се развива во Хрватска. Тоа мислам дека ќе има директен одраз и на состојбите и надвор. Ако тоа во наредниот период најитно не се санира и навистина не се најде заеднички јазик во овој временски период мораториум или како да го кажеме од 3 месеци и за тој дел не се најде извесно решение односно затишје за да се најде одговор, сметам дека постои сериозна опасност истото да се прошири и надолу, и дека тешко ќе бидеме како Република заобиколени од еден таков развој на состојбите, затоа што и внатрешната наша и политичка и економска ситуација од прилика на тоа и конвенира. А некои, исто така, жестоко се залага тоа да го наметне овде и да се стави крај на се она што значи задничко живеење на овој југословенски простор.

Инаку мора да знаеме и тоа дека и покрај Армијата покажа низа слабости за кои што навистина.треба најодговорно надлежните субјекти, да се позабават. Меѓутоа, исто така мораме да имаме предвид и Армијата подолг период беше напаѓана во смисла она - исклучивоста за служењето на војниците во Словенија, ако сметате наназад да се навратите итн. , па сега кога гледаме и кога ќе го завртиме листот ќе видиме зашто се инсистираше таму да се служи, па видовме кој се дезертираше итн.

Сметам дека за сите овие прашања неминовна е одговорноста на најодговорните субјекти во Федерација, на жалост што и ние во претходниот период преку разни нови устави, републички итн., ги разоружавме и придонесовме тоа Претседателство едвај некој од надвор да ни го конституира и тоа сега формално-правно да постои и најверојатно во периодот кој претстои ќе се вразумиме, дека сепак е тој единствен на некој начин, најодговорен субјект во оваа Федерација, каква таква, во која што сега живееме и во која што во наредниот период треба да се конституира на некоја друга основа.

Јас мислам дека ако појдеме од она што на претходната седница, тоа беше Осумнаесеттата седница и преку заклучоците и излагањето на претседателот на Републиката господин Киро Глигоров и сето денеска што го дискутираме и завчера што го дискутиравме, сметам дека повторно се сведува во тие рамки. Во овој моемент нас не ни преостанува ништо, туку во овој момент апсолутно да се ставиме на страната на Платформата подготвена од претседателот Глигоров и Изетбеговиќ и повикувајќи се преку нашите заклучоци и ставови денешни да бараме истата да најде простор во овој период

на мораториумот, покрај сите други предлози еве што и денеска чувме од членот на Претседателството д-р Васил Тупурковски да е една од сериозните лравци за излез од состојбата во која се наоѓаме.

Во периодот кој што престои, мислам дека престои жестока работа и ангажирање на Владата. Поготово за овие спорни прашања за кои што еве два дена дискутираме, мобилизација, немобилизација, резервен состав, териториjална одбрана, нејзина улога, функција, задача итн.

Второ, околу мобилизацијата на Министерството за внатрешни работи кое што исто така побуди револт кај граѓаните исто така ја подигна тензијата. Исто така, тоа служи и во функција на тоа така што на една страна трошиме, така и на друга страна, а ако беше таа мобилизација навистина за обука, оти видовме дека на некој сегменти и армијата не се покажа доволна, тоа е едно друго прашање, но сегашното шетање по тројца-четворица во едни населени места каде што имаме релативен мир, мислам дека е повеќе од она да ги возбудиме граѓаните отколку да ја исполниме задачата што е поставена пред нас.

А исто така во овој период на мораториумот сметам дека треба да ја искористиме приликата, да донесеме, да подготвиме устав преку кој што ќе ги регулираме сите прашања, за да не би сме се маткале со многу декларации, преддекларации и промена на тие декларации, кои што честопати доаѓаат во колизија со постојниот устав итн. и сето тоа предизвикува расправи овде кои што, навистина не одат во полза и функција на сегашната задача и улога на Парламентот.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Љупчо Георгиевски.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Најпрвин би почнал со еден став кој недавно го изнесов, а тој е дека Македонија сеуште не знае што сака со самата себе. Тогаш имаше реакции меѓу пратениците, меѓутоа, претходната седница и денешното продолжување на таа седница само тоа ни го потврдуваат. Не велам дека односно, би сакал да кажам дека сите ја сакаме Македонија. Тоа е несомнено. Сите зборуваме за нејзини витални интереси, меѓутоа, никако да се договориме што се тие витални интереси на Македонија. Зборувам за пратениците и од едната партија, и од втората и од четирите или пет партии што имаат свои претставници во Македонскиот Парламент. Факт е, најубаво сослушување на сите пратенички дискусии, ќе се види и ќе се потврди тој факт дека македонците за сопствените витални интереси имаат различни мислења и ставови. Не велам дека некој повеќе ја сака или помалку ја сака Македонија. Меѓутоа, факт е дека имаме многу различни мислења. И веднаш да констатирам дека тоа на никое место не се случува. Не сакам да набројувам надвор во светот, ќе набројам овде во Југославија. Во Словенија, сите словенечки партии знаат што се витални интереси на Словенија и сите се борат за нив. Во Хрватска сите хрватски партии знаат што се витални интереси на Хрватска и се борат за нив. Во Србија, исто така, сите српски партии што се виталните интереси на Србија и се борат за нив, а жално е што во Македонија сеуште не можеме да се договориме кои се нашите витални интереси.

Денеска повторно се зборуваше премногу пак за Југославија. Можеби 90 посто од изнесеното овде се зборуваше за Југославија. И пак со жалење можам да констатирам дека ми е многу тешко што сите тие говори не беа насочени кон Македонија, односно повторно зборувавме за таа Југославија. Повторно веруваме во таа Југославија, иако од сите страни сите факти, од сите информации што ги добиваме, говорат и многу јасно збруваат дека таа Југославија многу тешко ќе се врати назад.

Јас би сакал да го поставам прашањето кој денеска се бори за Југославија? Дали словенците се борат за Југославија? - Не. Дали Хрватите се борат за Југославија? - Не. Дали Србите се борат за Југославија? - Не. Постои ли некој таму кој верува дека Србите се борат за Југославија, иако се најгласни галамења дека се борат за Југославија. Ако ги погледнеме сите постапки ќе заклучиме само едно дека тие се борат за Велика Србија. Значи оние кои ја формираа таа Југославија денеска се борат за Југославија. А ние во Македонија сакаме да изигруваме поголеми католици од папата. Оние кои ја формираа Југославија се откажуваат од таа Југославија, а ние Југославија па Југославија, иако упорно гледаме дека од таа Југославија не бидува ништо.

Формално, мораме да се соочиме дека еве веќе 10-тина дена како живееме во една редуцирана Федерација. Сакале или не тоа да го признаеме, светот тое ни го кажува и тоа многу јасно. Тие се објективни посматрачи. Југославија формално не постои како таква. Зошто? - Затоа што двете автономни покраини Србија веќе одамна ги укина, а веќе и двете републики Словенија и Хрватска формално не учествуваат во

овaа Југославија.

Елементот кој е можеби најбитен од сите врз кој се потпираше целата структура на Југославија е братството и единството. Тоа е она што беше главната придобивка од Револуцијата. Дали можеме ние денеска да зборуваме за тоа братство и единство? Со кој , кој и кој можеме да кажеме дека денеска се во братство и единство, кога гледаме дека секој народ во Југославија внатре со себе е скаран, и не само скаран, туку веќе во тие меѓунационални, меѓурепублички судири има огромен број на човечки жртви. Значи, основен елемент ако се одземат тие шест формални републики и двете покраини, основниот елемент братството и единството на кое толку многу се повикувавме и беше спојка меѓу републиките веќе не постои.

Мислите ли вие дека словенците, после се ова што се случи таму ќе се вратат и ќе сакаат пак во братство и единство да живеат? Мислиме ли ние дека хрвататите дека после сите овие настани што се случуваат во Хрватска ќе сакаат пак да живеат на ист начин. Или пак Србите кои од своја страна велат дека се загрозени таму? Не сакам да навлегувам во нивната вистина, сакам да навлезам во она што тие формално правно се караат и за што дискутираат. Тоа веќе една омраза, омраза која скоро никаде не владее во европските држави. Тоа се суштински работи и тие работи не можеме да ги премижеме, зашто секојдневно се случуваат. Тоа се вистини. Тоа се факти. Имаме безброј информации да дискутираме за тоа. Значи и формално и правно и морално веќе оваа Југославија се наоѓа во една многу зад војна одмината , можам да кажам завршна фаза.

Од друга страна се поставува прашњето, нормално, што е тоа, ако дојде до заеднички договор, што ќе биде тоа заедничко?

Сигурно, не она старото што беше досега. Да се постигне и најдобриот можен мирен договор, кога сигурно .ќе имаме пак воспоставени и потполна сувереност на републиките и ќе имаме национални војски, ќе имаме меѓународни активности и дипломатски претставништва и ќе имаме се она што ќе значи суверена држава, а минималното ќе остане на ниво на Федерација. Тоа се реалности од кои што неможеме да бегаме. Како и да се вртиме, пак ќе дојдеме на истото прашање.

Се поставува прашањето, исто така, нормално во сето тоа зашто толку малку зборуваме за Македонија. А, јас, навистина, сакам да зборуваме само за Македонија, само за Македонија, затоа што сум убеден, длабоко во себе дека колку побрзо сватиме дека ние Македонците додека не се завртиме егоистички , велам егоистички најсебично кон сопствените интереси, додека не ја разбиеме илузијата на Југославија и не сватиме дека само македонецот внатре во Македонија може да биде најмногу заштитен, со сопствено размислување и со егоистичко штитење на сите интереси и економски и политички и обични егзистенцијални, да речеме, до колку порано не ја прифатиме таа вистина, дотолку повеќе ќе трпиме и ќе ги плаќаме сметките на оваа Југославија. Јас сум навистина уверен и кај мене не постои повеќе никаква илузија за таа Југославија. А сметам , исто така, доколку поскоро се свртиме кон самите себе, кон македонија, кон македонците и да зборуваме за таа Македонија, дотолку попрво и Македонија ќе се извлече од целата оваа криза а и на македонците и на сите македонски граѓани многу полесно ќе им олесни.

Се извинувам што на почетокот не кажав дека сакав во целост да ја подржам дискусијата на пратеникот Петар Гошев од минатата седница и дека со сите негови ставови во потполност и во целина се согласувам.

Ние денеска сме сведоци дека Словенија и Хрватска тргнаа во меѓународното признавање. Гледаме дека реакциите од светот не биле толку тврди, како нашите средства за јавно информирање 3-4 месеци не држеа во заблуда. Гледаме дека Европа и светот не инсистирале баш толку многу на единствена Југославија. Гледаме дека во Европа и светот имало многу различни интереси. Гледаме дека признавањето, формалното признавање на Словенија во овој момент е поблиску од било кога. Веќе некои држави и најавуваат дека тоа признавање може да уследи. Во секој случај почнува една борба која е негде, нејзината граница треба да ја видиме после 3 месеци. И веднаш се поставува прашањето, кое што сметам дека треба да си го поставиме како македонци и како македонска држава, а мислам дека многу од нас притајно се надеваме на тоа дека борбата на словенците и хрватите за меѓународно признавање ќе биде и утре борба за македонското признавање. Јас многу размислувам околу таа тема, и се повеќе и повеќе сум убеден, а тоа и светот го покажува дека борбата на словенците и на хрватите ќе биде само нивна борба и само нивно признавање, доколку утре некој ги признае во светот. Првиот чин на формалното признавање на некоја европска земја, ќе значи и конечен распад на таквата Југославија и ќе значи конечно останување на Македонија во рамките на некаква редуцирана федерација. А ние можеме да зборуваме колку што сакаме

понатаму дали ќе останеме во Југославија без една или две републики или нема да останеме. Мегутоа, сепак, тоа е друго прашање. Сепак, повеќе нема да се работи за Југославија.

Се поставува прашањето на овие 3 месеци, кое еве да речеме ги дава Европската заедница за кој е постигнат некаков договор, меѓутоа, после тие 3 месеци, навистина мислам нема да има уште 3 месеци. Ние мораме да ја признаеме нашата затекнатост би сакал да кажам и еден потежок збор, нашата заспаност како македонска држава, не обвинувам никој тука, тука се вклучувам и самиот себеси над очекувањето на 25 јуни. Ние мораме да признаеме дека на 25 јуни бевме затекнати, дека не верувавме дека Словенија и Хрватска ќе го направи тоа. Верувавме дека словенците и хрватите се зафркаваат со нас. Меѓутоа, еве видовме , се соочивме дека на 25 јуни , сепак се случи тоа раздружување.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (продолжение)

Сега ако не сватиме дека овие три месеци, а прашање е дали ќе бидат и три месеци, се најсериозна опомена за македонскиот народ и македонската држава, јас ве убедувам дека после тие три месеци многу тешко ќе можеме да му објасниме на македонскиот народ кај сме го довеле и што сме направиле од него.

Инсистирам на овие три месеци да им се пријде со најголемо внимание, со најголема претпазливост и навистина да ги сватиме, пред се сериозно овие три месеци, дека во тие три месеци на Македонија мораме да и пристапиме со една активна подготовка, одбрана и заштита на сите македонски интереси.

Овде доста често се зборуваше за спокојството на Македонија, за мирот во Македонија, дека некој сака да донесе војна во Македонија, дека некој сака да го расипе мирот во Македонија. Јас ве уверувам дека не постои човек во Македонија а мислам и во Југославија кој сака војна. Јас сум длабоко убеден дека и Кучан и Туѓман и Милошевиќ сакаат своите интереси да ги остварат на мирен план. Меѓутоа, проблемот на мирот и војната е токму во тоа што сите свои интереси не можат да ги остварат на мирен план и затоа прибегнуваат кон други средства. Затоа ве уверувам дека и во Македонија не постои човек кој сака некаква војна во Македонија. Се работи само за различни погледи, како да се заштитат македонските интереси.

Зборуваме за спокојството во Македонија, меѓутоа јас можам да ви кажам дека, ако еден голем број од вас се чувствуваат спокојни, јас навистина не можам да се чувствувам спокоен во Македонија, затоа што сметам дека спокојството во Македонија е веќе одамна разрушено и затоа што спокојството веќе одамна го нема.

Како еден пратеник што пред малку рече дека ние можеме да бидеме спокојни, меѓутоа оние илјадници семејства кои ги имаат своите деца во Хрватска во Словенија во БиХ, во Србија, во тие семејства не владее спокој. Јас не можам да го почувствувам тој спокој во Македонија кога од трагичната смрт на Сашко Гешовски денес поминаа две регрутни сесии, а ние тогаш ветувавме,ако не друго нема да праќаме и понатаму војници во кризните жаришта, а веќе во тие две регрутни сесии од мај испративме неколку нови илјади македонци да служат војска во истите тие краишта.

Не можам да бидам никако спокоен кога, на пример, на резервниот кадар што е собран во Прилеп до Куманово, целиот старешински кадар би бил сменет и на нивно место донесени некои луѓе од други националности, по идеолошки способни, по југословенски ориентирани, можеби и пообучени да раководат со тој прилепски старешински кадар.

Не можам да бидам спокоен кога ми кажуваат дека на пистите и во аутобусите со кои биле транспортини тие македонски резервисти, на вратите и околу нив на пистите стоеле со автомати вперени во нив припадници на ЈНА.

Не можам да бидам никако спокоен кога се случија веќе два бунта на тие резервни кадри, Македонци во Куманово, едни од Прилеп други од Крива Паланка, кога тие штрајкувале со глад и кога на побунетите во Крива Паланка југословенските старешини им се обраќале со зборовите :" вие сте бугараши штом се бунтувате". Па дами и господо јас сакам да ве потсетам, кога некои партии во Македонија ги нарекувате бугарашки, да го видите изворот на тие етикети, изворот на тие поделби во македонскиот народ. Сметам дека Македонската влада треба да преземе најитни мерки, да расчисти

со сите тие старешини кои Македонците ги нарекувале бугараши во касарната во Куманово.

Не можам да бидам никако спокоен во Македонија кога одеднаш преку ноќ ми донесуваат некои командант од Белград, друг го менуваат без никого да прашаат, без со никого да се советуваат, како Бан, а знаеме дека тој Бан ја поседува целата вооружена сила во Македонија и со самиот тој чин на преку ноќ ставање на командант на цела Македонија и покажуваат колку сме сериозен фактор во нивните очи, колку сметаат на нас и колку сакаат да се советуваат со нас.

Не можам да бидам спокоен кога Македонската влада донесува одлука македонските резервисти да не се повикуваат во резервниот состав во ЈНА, а и покрај таа одлука веќе имаме 7.000 припадници македонци во тие касарни, во тој резервен состав кој седи веќе десетина дена. Овде ќе ги потсетам оние кои зборуваат за економијата колку значи секој работен ден на 7.000 припадници во тој состав на ЈНА. Би сакал да ги потсетам дека еден тактички лет на авионите чини околу 15 милијарди, само колку да ги согледаме суштинските разлики. Значи ЈНА ја понижува целата македонска влада, ја понижува целата македонска држава, го понижува целиот овој Парламент и ни кажува дека ние за нив ништо не претставуваме и дека тие со нас можат да си прават ама буквално што сакаат.

Не можам да бидам мирен ниту спокоен кога веќе десетина дена таму старешините ги подготвуваат тие 7.000 Македонци, дека ако треба ќе појдат да ја бранат Југославија во Хрватска, во Словенија. Каква Југославија ќе браниме ние внатре во централна Словенија, внатре во Централна Хрватска или внатре во централна БиХ? Чии интереси ќе бидат тие што ќе ги брани македонската војска во тие армии? Извинете ама јас не можам да бидам спокоен кога пред мене

гледам слики толку многу слични на 1945 година кога Македонците беа праќани на Срем. Ако некој од Вас може да биде мирен, тоа задоволство јас му го препуштам на него.

Конечно, премолчавме многу големи работи. Го премолчавме одземањето на оружјето на ТО, премолчавме расформирање на 16 бригада на ТО на Македонија, лремолчавме дека со најновите сојузни закони целата ТО на Македонија преминува под директна команда на Белград. Во Словенија тоа не е случај, во Хрватска не е тоа случај, а вчера господинот Милошевиќ многу добро кажа дека тој си е командат на ТО на Србија и дека ,тоа се негови вооружени припадници кои ги повикува да бидат спремни на одбрана.

Не можам да бидам спокоен кога над Југославија виси секојдневно војна, поjмот војна кој ние не сакаме толку многу да го зборуваме, меѓутоа факт е и многу работи кажуваат дека војната од големи размери во Југославија е реалност на која треба да се смета, да се смета и да се биде подготвен за тоа.

Сите зборуваме за мирот, сите зборуваме за мирното решени и се повикуваме на Европа. Меѓутоа од која ние европска земја денес имаме гаранција дека ако само седиме и апелираме за мир дека таа утре ќе дојде да не заштити. Кој наш претставник, кој наш дипломат го испративме во некоја европска земја и да кажеме бараме од вас господа италијанци, господа германци, господа американци утре да дојдете да не заштитите. Која е таа европска земја што ја дава гаранцијата што Македонија ќе стои со дигнати раце. Јас до сега таква гаранција ниту од една европска земја немам чуено ниту сум слушнал дека е добиена.

Сметам дека мирот и преговорите и договорите се нашето единствено решение и нашата единствена алтернатива. Меѓутоа како што рече Петар Гошев ние покрај на разумот треба да бидеме подготвени и на неразумот затоа што само со апелите за мир верувајте утре

нема никој нас да не поштеди ниту нема да не стави во активна служба. Не може дотолку повеќе затоа што илјадници македонци во овој миг се наоѓаат распространети на целата територија на Југославија. Затоа мојот апел од овде не е ништо друго туку само активна одбрана на Македонија, активна во смисла на заштита на економскиот дел, во смисла на заштита и претставување на меѓународен план и во смисла на чисто егзистенционална заштита на чисти голи човечки животи. Ако ние самите тоа не си го направиме, Македонци, верувајте никој до страна нема да ни го прави.

На крајот  само да завршам со неколку ставови односно мислења за армијата, бидејќи за неа овде често се зборуваше и можам да кажам дека сум задоволен затоа што имаше за армијата скоро од секоја партија по неколку и пофални зборови, меѓутоа и негативни зборови, така да сигурно нема да бидам обвинет дека партиски интереси пак застапувам.

Јас не сакам многу да дискутирам што е тоа што се случи со настапот на армијата во Словенија. Пред се да кажам, кога јас зборувам за армија не мислам на овие 19-годишни деца, туку мислам на нивниот старешински кадар, нивниот старешински кадар кој тие 19-годишни деца ниту ги прашал ниту се советувал со нив кога рекле да влезат во Словенија и да го направат она што го направија. Она што го направи армијата не сакам да го коментирам, само ќе се повикан на сите средства за јавно информирање, од Аљаска до Владивосток кои настапија после првите два дена и на сите изјави на политичарите кои настапија после два дена од настаните во Словенија. Јас ве уверувам,можеме да ги провериме сите, сите беа едногласни и сите беа јасни дека армијата тоа што го направи во Словенија никој не го одобрува  и беше третирано како чин на агресија.

Не сакам да навлегувам после петтиот или шестиот ден кој направи прекршок на еден договор кој направи прекршок на друг договор, не почитува тоа или она. Чинот на влегувањето е многу јасно окарактеризиран од сите земји во Европа и во светот и тука ќе ни бидат сите залудни дискусии и сите залудни оправдувања. Всушност да не одам понатаму, да го поставиме прашањето во чие име настапи армијата таму. Дали Претседателството ја издаде таа наредба. Колку што јас сум запознаен, не. Дали Владата ја издаде таа наредба, колку што сум запознаен не. Дури господинот Марковиќ кој тука има претставници на својата партија многу јасно дојде во конфликт со таа армија и кажа дека тој тоа не го одобри. Тогаш се поставува прашањето зошто потребата ние да ги браниме чиновите на армијата кога Претседателството не дало наредба, кога Владата не дала наредба, а наредбите ги гледавме кој ги даваше, Господинот генерал Негованoвиќ г.Кадиевиќ и г.Аџиќ. Чии се тие претставници господо? Мене многу ми е симптоматична изјавата и не можам никако да бидам спокоен кога Џани Демикелис дојде првиот ден и рече: од Словенија бараме мораториум од три месеци а од Србија бараме повлекување од армијата. Повторно ќе кажам добро да слушнете. Од Словенија бараме мораториум од три месеци, а од Србија бараме да ја повлече армијата. Чија е оваа армија господо. Ние треба за тоа длабоко да се запрашаме и длабоко веќе да размислуваме чија е оваа армија посебно после новата кадровска смена во Југославија и во Македонија.

На крајот само уште еднаш ќе го повторам она што многу пати сум го повторил. Само македонските интереси. Себично свртување и заштита на сите македонски интереси. Сите други опции верувајте дека се залудни опции, дека се безизлезни опции и верувајте дека ќе бидат опции чија сметка ќе ја плаќаме многу далеку и многу длабоко.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Институцијата реплика не би сакал во никој случај да ја искористам за навлегување во водите на таканаречените, како што некои претставници на јавните гласила деновиве констатираа без поштедни, јалови беспартиски надметнувања. Сакам со свои неколку зборови да се произнесам по некои од мислењата што ги изнесе господинот Георгиевски, чие што дело како млад агилен, буен, бунтовен Македонец кој што ја љуби Македонија и на свој начин се бори за нејзините интереси, го почитувам и ценам за корисно заради тоа што во различието на мислењата е излезот и плодното поле за доаѓање до вистинските и најсоодветни решенија. Меѓутоа, со еден дел од неговата дискусија не можам во целост да се согласам, посебно во оној дел кога рече дека со одлуките кои што се случија во нашите сверозападни републики на 25 минатиот месец, сме биле затечени и со делот кога рече дека не постои Република во Југославија во која што околу виталните интереси на македонската држава постои таква разединетост.

Врз база на се она што позитивно го знам и она што го чувствувам и врз база на сите контакти кои што ги имаме и како парламентарци и како членови на различни македонски партии и врз база на се она што се случува во посебно време во Македонија се осудувам да тврдам дека постои целосна согласност околу виталните интереси на македонската држава и македонскиот народ. Станува збор само за тоа кои се решенијата, која е постапката, која е временската динамика со која што тие решенија со кои што сакаме да ги заштитиме виталните интереси на македонскиот народ и да го зачуваме спечаленото се најсоодветни и најцелисходни за постигнување на крајната цел. Ако се согласуваме со тоа дека постои согласност околу виталните интереси на македонскиот народ и дека

станува збор само за содржината и динамиката на донесувањето на тие решенија, се поставува прашањето зоштопостои одредена разлика во понудувањето и прифаќањето на тие решенија и во одредувањето на динамиката на нивното донесување. Ми се чини дека пред се за обезбедувањето на динамиката на донесувањето на тие решенија и за обезбедувањето на нивната содржика е потребно да се располага целосно со максимален број на што поверодостојни информации. Разликата во тоа што го заговара господин Георгиевски и тоа што јас го мислам всушност е во тоа што сите ги немаме сите најверодостојни информации од сите можни извори. Додека, партијата на која што припаѓа господин Георгиевски подолго време прима информација од еден дел од таканаречените претставници на интересните сфери во Европа, во истиот момент постојат информации и сигнали кои што доаѓаат од спротивставената страна, па дури и од третата страна т.е СССР која што во целост се нема декпарирано, меѓутоа во последно време исто така праќа и свои сигнали. Според  тоа ако заговараме содржина на решенија и ако заговараме динамика на нивно донесување, тогаш тие решенија ќе бидат такви да дадат можност да се заштитат круцијалните интереси на македонскиот народ, ако се темелни апсолутно на сознанијата кои што потекнуваат од сите извори. Затоа сметам дека треба  во понатамошната расправа и нашата активност, примерено на историскиот миг во кој живееме да ги испочитуваме сите извори на информации и сигнали кои пристигнуваат од сите можни страни и  имајќи ги на маса сите тие извори да седнеме и да се издоговориме околу содржините на решенијата и нивната динамика.

Предлагам, ако прифати претседателот и Претседателството една кратка пауза за време на која би се договориле околу понатамошниот тек на седницата и околу заклучоците што сигурно треба да произлезат од денешната расправа.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Да не ме сфатите погрешно, втор пат денеска го слушам зборот "ја спечаливме". Се спечалува во трговијата. Јас мислам дека имавме ние народноослободителна војска која беше македонска војска и броеше некаде 100 илјади луѓе. Ја ослободивме Македонија а спечалување е само во трговијата. Само толку. Инаку со другото се согласувам.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Ние се договоривме да не ја браниме армијата за грешките што ги има направено, но исто така е чесно да не дозволиме да се клевети затоа што таа армија е сеуште наша армија и тој офицерски кадар и војниците се исто и од Македонија.

Ве молам, за да биде тоа така, пред малку слушнавме дека армијата самоволно без ничија наредба и одлуки отишла во Словенија и извршила агресија.

Пред мене јас имам одлука на Сојузниот извршен совет во врска со дејствувањето на армијата и доколку се согласувате,јас се извинувам на српскохрватски е напишана и ако се согласувате да ја прочитам да ја прочитам па да видиме дали е тоа самоволно

(Еден дел од пратениците не се согласуваат да се чита одлуката).

Значи не ни одговара затоа не сакаме да се прочита. Тогаш оваа одлука ќе ја дадеме на средствата за јавно информирање на која е потпишан претседателот на Владата Анте Марковиќ, па да се знае што е вистината.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние еве втор ден како ве потсетуваме на оценувањето, а актуелно политичката состојба во земјата и Републиката, втор ден фактички дискутираме на старите позиции кои не се ниту актуелни, ниту нови, туку се врзани за нашите гледање кои секој ги има поодамна и си ги повторува. Мегуота, актуелната политичка ситуација, денеска имаме среќа да бидеме прв парламент во Југославија кој се среќава со актот што актуелно политичката ситуација сега ја чини сосем поинаква од вчера и ние по тоа треба да дадеме општа оценка. Овде е поделена заедничка декларација и ние им ја поделивме на сите, јас имам впечаток дека многу малку луѓе  воопшто се осврнаа на неа и што таа значи. По мое мислење секој што ја читал оваа декларација, а е избран од населението на Македонија, од македонскиот народ и народностите и етничките групи од лугето, граганите на Македонија должен е да се одреди према неа треба да заземе став према неа. Дали таа декларација бидејки ние сега расправаме, денес расрпаваме, таа е присутна овде не можеме да ја занемариме треба да сфатиме и да изградиме став, дали ја поддржуваме и ја прифаќаме таа декларација или иако сите други ја поддржале, ние ќе бидеме против неа.Значи неа ја поддржале претставниците на Словенија, Хрватска, Претседателството на СФРЈ, претставниците на СИС и сега ние расправаме за актуелната политичка ситуација, ја имаме во раце и избегаваме да изградиме став по неа. Јас предлагам нашето собрание да ја подржи неа. Ако ја поддржи неа, тогаш можеме да продолжиме да расправаме по еден поинаков долг, со поинакви аргументи, со поинакви размислувања. Зад оваа декларација стои покрај овие јас што ги набројав европската заедница и 34 држави на КЕПС затоа што придружен документ на Декларацијата е и еден документ анекс 2

кој се вика насоки за посматрачката мисија за Југославија. Тоа е инструмент на КЕПС. Ние треба да се договориме или ќе одиме денес диво, покрај ова, нема ова да го прифатиме, нема да го почитуваме или ке го прифатиме  и ке го почитуваме. Тоа денес може да се знае од нашата расправа. Треба по воа да изградиме став. Ако по ова изградиме став, многу е јасно како ке тече расправата и што ние можеме да заклучиме. Само треба да се знаат двете можности. Ако ние не го поддржиме и не го прифатиме ова, тогаш Македонија ке ја оставиме сама против сите што ја прифакаат неа, а ако ја прифатиме тогаш да продолжиме во согласност со неа да донесеме заклучоци кои произлегуваат од неа. Тука е дилемата. Инаку да се разбереме, ние можеме и различно да мислиме. Може еден да мисли дека е ова погрешно, или ова е погрешено, треба ова да се направи или она да се направи. Основно е денес за што да се одлучиме. Ние сме надлежни за тоа да го одлучиме. Инаку имаме објаснување и за тоа постои објаснување и токму  нашата линија би победила. Овде стои дека сите страни се согласиле дека следните принципи мораат доследно   да се почитуваат за да се обезбеди мирно решение. Потоа дојде до развој на Нова Југославија која бара внимателно надгледување и преговори мегу различните страни. Потоа преговорите како основен метод мораат итно да почнат, а не подоцна од 1 август 1991 година од сите аспекти за иднината на Југославија без било какви предуслови. Секој што работел досега не можел да биде земен како предуслов за преговорите. И меѓу другото сите страни ќе се воздржат од било какви еднострани чекори, а особено од било какви насилни акти. Тоа овде пишува. Да размислиме, да процениме, да видиме, дали е ова за нас прифатливо. Ако е тоа прифатливо, тогаш да продол-жием со расправата и да видиме како ќе заклучуваме. (пауза  од 16,30 до 21,45 часот)

(По паузата)
СТОЈАН АНДОВ:

За време на паузата меѓу пратеничките групи дојде до контакти и се обидоа да направат некој текст на заклучоци со кои сега би завршила седницата, со нивното донесување. Претходно вие знаете дека предлог на заклучоци имавме доставено и од пратеникот Тодор Петров. Известен сум од оваа група што работеше на овој предлог дека г-динот Петров не бил вклучен во изработката на овие заклучоци и претпоставувам дека тој останува на својот текст. Сугестија е на пратеничката група вечерва да не донесуваме заклучоци, туку заклучоците што ги предложил господинот Петров, овој текст што го работеле во групата, расправата и се што е присутно во расправата, излагањето на господинот Тупурковски прво и второ, да бидат основа за да ни подготви Владата заклучоци, па кога ќе ги подготви да не извести и да свикаме седница да можеме по нив да се произнесеме. Така сум запознат од група во која имаше од социјал демократскиот сојуз, пратеници, од групата на ВМРО-ДПМНЕ, од социјалистичката партија и од Реформските сили Либерална партија.

Дали се согласуваме со еден ваков предлог?

БЕКИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Непријатна ми е должноста да настапам пред вас и да изјавам дека прво, уште посложена ми е ситуацијата што и претседателот не е присутен, мегутоа да се задолжи Владата да спреми едни заклучоци за кои вие се обидувате два дена да расправате формирате пратенички групи и Владата треба да посредува во сето тоа и да ги потрефи сите оние барања на парламентарните групи

мислам дека е нереална задача. Јас би молел да го преоцените овој заклучок, дали е реален или оценлив или тој треба да остане во рамките на парламентарните гурпи тие да се издоговорат и да излезат со усогласени ставови по прашањата кои се на дневен ред.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во врска со поднесувањето или изготвувањето на овие Предлог заклучоци сакам да го кажам следното: За да не настане некое недоразбирање. Сосема добронамерно до Собранието поднесов барање за дополнување на дневниот ред за 18-та седница за 24 јуни , разгледување на актуелно-политичката состојба во земјата и во републиката. Точката не се прифати со образложение дека образложението за итноста на барањето за ставање на оваа точка на дневен ред, не е доволен аргумент да се отвори расправа. Во меѓувреме состојбата уште повеќе се влоши во земјата и во Републиката. Пратеничката група на сојузот на реформските сили поднесе исто такво барање така на 26-ти и 27-ми веќе имавме дневен ред со разгледување на актуелно политичката безбедносна состојба. Она што Петров го предлага, колку да е паметно и разумно не доаѓа предвид, не проаѓа, бидејќи е од Петров. Меѓутоа добро научени да голтаме кнедли продолживме со работа. Неколкупати во интерес на оваа држава и народ интервенирав да ја спасам сеницата и нејзинот тек 26-ти и 27-ми. Но се заврши така како што заврши без заклучоци. Лично се обидов да напишам текст на заклучоци кој најмногу ќе одговараат на актуелната безбедностна состојба, нормално според мое видување и како појдовна основа за некоја расправа и сосема оправдано од моја страна врз основа на Деловникот за работа, трудољубиво, без инпровизации и конструкции

ги напишав и поднесов до Архивата на Собранието. На седницата на 6 јули прифатив формално правно да ги подвлечам за да едногласно пројдат оние усогласени предлог-заклучоци кои ги усогласија пратеничките групи што патем кажано беше траги комично да ги носиме, бидејќи беа банални, а новонастанатите промени ги надминаа и надраснаа , но со укажување дека ќе ги поднесам на разгледување после излагањето на д-р Васил Тупурковски на почетокот на 19-та седница. Така и направив. После излагањето на д-р Васил Тупурковски ги прочитав и образложив тие залучоци. Денес после расправата се закажа околу 5,оо часа работна група помеѓу пратеничките групи за изготвување на тие заклучоци. И тука барем за мене, за некој тоа е можеби нормално, бидејќи се господа и после секоја расправа ќе го кажат последниот збор а можеби се и во право, бидејќи се во мнозинство, а еден Тошо е многу важен за да му обраќаме внимание, не зависно што зборува настана за мене еден куршлус. Длабоко сум иритиран и огорчен и директно навреден од нечие однесување. На усогласувањето на овој текст на заклучоци не бев повикан. Меѓутоа, некој може би ќе каже зошто не отиде. Сакам да кажам дека ниту магарето, не оди на свадба без да го поканат. Ако некој имаше малку респект и према мене и према мојата трудољубивост и према деловничките одредби ќе ме повикаше на тој состанок. Ако ништо друго, барем да бидам 13-тото прасе. Меѓутоа ме повикаа во 20,15 часот за да можеби кажам амин на она што беше предложено и ги повлече моите Предлог-заклучоци, одкога текстот веќе беше готов. Барем да ме повикаа, бидејќи бев единствен предлагач на текстот на заклучоци кој во нормална редовна процедура беше поднесен на Собранието.

Меѓутоа, одбив да присуствувам на овој договорен состанок и откога беше веќе изготвен текст на заклучоци укажа дека останува на мојот предлог заклучоци.  Затоа принципиелно овие предложени заклучоци барам да бидат ставени на усвојвуање или Владата да даде мислење ако веќе се најде на дневен ред за усвојување, а претседателот Стојан Андов да ги стави на гласање со утврдување колку се за, против и воздржани.  Ми се чини дека досега бев премногу фин и елегантен за сметка на некој господа на кои се им е јасно и некого овде можат да го исмејуваат кога сакаат. Верувам дека тоа ќе му се врати како бумеранг. И уште нешто сакам да додадам. Некому изгледа очигледно Петров не му одговара и воопшто не размислувајќи за содржината на неговите предлози постои непишан автоматизам да се гласа против што за некој преоѓа веќе вообичаено право. Точно е дека Македонија не придонесе со ништо за распаѓање во оваа Југославија, меѓутоа, јас не сакам да бидам соучесник во распраѓањето на оваа Македонија. И изгледа редно е и јас да почнам да повикувам на граѓанска непослушност кога веќе тоа на Владата не им успева. Затоа предлагам заклучоците да бидат ставени во редовна процедура останувам доследен до нив, а за оние што ги усогласи работната група во кои не учествував принципиелно би гласал, доколку бидат ставени, против. Тоа е во врска со заклучоците, а бидејќи во меѓувреме не можевме да добиеме било какви информации за она што се случува во земјата, барам во овие часови, доколку за тоа е информиран министерот за одбрана и за информации да ни дадат информација за изјавата на генерал Кадиевиќ и што тоа во практика значи.

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Бидејќи заедничката декларација ни беше поделена, тоа е од министерската тројка од Европската заедница која разговараше на Бриони затоа предлагам во саботата усвоивме едни заклучоци од саботата до денеска измената е само на оваа заедничка декларација. Предлагам да ја усвоиме Заедничката декларација, други заклучоци да не усвојуваме, бидејќи тие ќе бидат заклучоци на заклучоци, така да нема потреба од нови заклучоци. Да ја усвоиме само заедничката декларација и тоа би бил завршетокот на оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас сум должен да ве информриам дека тој предлог јас го дадов на овие група пратеници од овие пратенички групи што беа кај мене и што организираа усогласување на работата и така да направат предлог на заклучоци и тие ми кажаа дека за таков предлог немало согласност. Инаку таков предлог бил изнесен и на нивниот состанок кога тие работеле.  Да видиме понатаму . Дали Давчев мисли и ова да го дадам на изјаснување?

ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Три седници едноподруго одржавме, мислам ако вала вака се разидеме ќе бидат тие непродуктивни заради тоа што заклучоците што треба да ги донесеме се понудија на Владата, како што чувте Владата изричито ги одби како такви а ние не ги добивме како дефинитивен текст, што е апсурд . Заклучоците на господин Петров кои што ни беа дадени со мое длабоко убедување мислам дека можат да бидат вградени во досегашната расправа, не знам

зошто Парламентарната група на која што и припаѓам на состанокот не го повикала, мислам дека е тоа грешка и апсурт, но од овдека мораме да си разотидиме барем со одредени сознанија за моменталната состојба која што владее во државата. Повикувајќи се на Декларацијата од Бриони која што сите ја видовте и ја прочитавте се надевам, сигурно во времето на овие три месеци на мораториумот и она што ми го нуди Европскиот совет и КАПС мораме на некој начин да го прифатиме, она што на интерес на нашава Македонска држава за кој овдека 3 дена слушав најразлични изливи на поверење, повици за спасување итн. Ако веќе оваа Декларација е наметната работа за состојбите кои што сега владеат во Југославија, ние сме должни, а и од излагањето на господинот Тупурковски да ја прифатиме како таква и низ Платформата која што ја донесовме овде на ова Собрание да ги задолжиме претседателот на Републиката врз основа на Платформата на г-дин Глигоров и Изетбеговиќ, а исто така и госп. Тупурковски под итно, бидејќи во декларацијата е наведено од 1 август да почнат преговорите за интерес на Македонија. Всушност во тој дел тие со наша поддршка ќе ги застапуваат интересите, а во исто време ја задолжиме Владата во овој термин од 3 месеца да се забрза донесувањето на Уставот на Македонија за нејзината независност и самобитност.  Ако така работиме, тогаш нема да бидеме неприпремени за еден ден, а тој ден сигурно ќе биде брзо да кажеме дали ке живееме во еден сојуз на суверени држави низ платформата што ја изгласавме или ќе живееме во една самостојна македонска држава, во зависност од тоа какви ќе бидат разврските од тоа  што се нуди низ Декларацијата Брионската,

од Европската заедница и до КЕПС. Вака навистина мене ми е жал што се разидуваме после 3 дена без никакви заклучоци. Според тоа, сметам дека заклучоците од Парламентарната група, ако не друго треба да ни бидат поделени иако беа упатени до Владата но требаше ние да знаеме како пратнеици во ова Собрание што е комплетно заклучено, што е таму напишано за да одовде кога ќе излеземе да знаеме барем што сме им дале како задача на Владата да донесат закучоци после овие тридневни расправи. Вака навистина јас се срамам, како пратеник на ова Собрание, а се срамам и пред Македонската јавност ова Собрание  вака неплодно да работи и вака да заврши тридневна седница.

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Ми се чини доста време губиме, а ситуацијата се менува од час во час. Најдобро ќе биде вака, спрема мене, заклучоците кои ги донесоа парламентарните групи и заклучоците на господин Петров да одат до Владата и Владата да донесе мислење. Само тоа. И побргу да завршуваме.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, јас мислам дека проблем околу оваа заедничка декларација која начелно ја донесоа сите заинтересирани страни со посредништво на Европската заедница, мислам дека не се проблем, сите се согласуваме со тоа. Тие можеме да ги сфатиме како еден акт на добра волја и акт за мирно разрешување на југословенската криза. Јас не гледам зошто да расправаме воопшто по ова, се знае, мислам дека сите го прифаќаме.

Што се однесува до заклучоците мислам дека сепак Владата би требало да даде свое мислење дали е способна за некои заклучоци да ги изврши што ќе ги наложи овој парламент или е неспособна. Во тоа се состои до Владата тие заклучоци да ги пренесеме.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очигледно настана едно недоразбирање во врска со овие заклучоци кои во текот на паузата беа во постапка на усогласување помеѓу претставниците на парламентарните групи. Јас имам предлог, бидејќи се инсистираше и од страна на одделни пратеници сепак овие заклучоци се умножат и бидат поделени на пратениците да се запознаат, а бидејќи има два става кои се дадени во алтернатива, мислам дека може да се гласа и да се расправа за нив.

Ова околу мислењето или заклучокот кој се бара од Владата, мислам дека не би било добро, можеше и Владата да изгради некое мислење, меѓутоа, мислам дека тоа не ја обврзува и не би требало да инсистираме на тоа.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

-,

Почитувани пратеници,  најпрвин да кажам дека во потполност го поддржувам излагањето на пратеникот Тодор Петров и мислам дека ние сме тука пратеници на народот и треба да гласаме за секој предлог што ќе ни биде доставен согласно со тоа какво мислење имаме, а не на која партија и припаѓаме и да не ги отфрламе предлозите ако се добри од кого и да доаѓаат.

Второ, мислам дека денеска ако треба и цела вечер да останеме ние мора да донесеме заклучоци. Не е фер ни најмалку од наша страна спрема тие родители денеска што беа три саати и спрема тие барања што ни ги доставија пред нас како пратеници. Верувајте ми дека имаме огромна одговорност пред народот и ако треба, ќе повторам уште еднаш да останеме и цела вечер, но мораме да донесеме заклучоци од оваа дводневна расправа.

ФАИК АБДИ:

Дами и господа, Партијата на која и припаѓам вчера имаше конгрес. Многу на широко расправавме за состојбата во Југославија и Македонија. Заклучокот е овој.  Ни повеќе ни помалку, она што е со Платформата за преговорите односно натамошни преговори за Југославија на она ниво што е предложено од страна на претседателот Глигоров  и Изетбеговиќ и се она што се прави и напор и денешниот напор што го направи г.Тупурковски со Претседателството односно она што ни е предложено од страна на нашите гости и добри пријатели

надвор од Југославија мислам дека не би биле фер спрема фамилиите, спрема граѓаните на Југославија и Македонија ако пет минути седиме овде и донесеме заклучоци, тогаш ќе треба да кажеме заклучок број 1 донесен во толку часот, после пет минути во толку и толку часот и да не набројувам само заклучоци мислам и јас се држам на тоа она што е предложено од вчерашниот состанок, она што не извести г.Тупурковски и Платформата, па да видиме што ќе биде. Сеуште верувам дека ќе има позитивно решение па било што да слушаме лошо ќе делиме и добро и лошо заедно, меѓутоа, сметам дека не треба од оваа говорница да го заплашуваме народот тој е и така преплашен, да кажеме дека сме многу ангажирани, многу замислени и од тие ангажирања и мисли дури не можеме да спиеме. Да не кажуваме такви работи оти не би имало смисла.

Точно е тоа дека мајките денеска беа овде, ќе дојдат и утре и задутре, меѓутоа, има и друга точност сите сме ние тука во оваа Македонија, во оваа Југославија и оваа не е некоја Југославија. Ова е Југославија сеуште и покрај сето она што се случи во Југославија тоа е Југославија. Дали понатаму ќе биде некоја Југославија или ќе остане не се знае. Ако мирно се разрешиме по оној период од два три месеци ќе се разрешиме и само ќе се сеќаваме на онаа Југославија што не школувала, да не зборувам, тоа не е битно ете дојде времето така што она експонирање што беше порано да се експонира уште повеќе сега и желбите да се исполнат, но ете верувам дека и понатаму ќе опстане оваа Југославија макар до последен секунд да опстоиме на тоа и да се држиме на она што го бара народот, а за раздружување мислам дека не може од оваа говорница никој нема право да каже дека нас народот не избрал и ние можеме да одлучиме за тоа. Нас народот не избрал за добробит на оваа Македонија, на оваа Југославија, па народот нека каже дали треба раздружување со Југославија на гласање, на референдум.

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Ми се чини дека тука носиме судбоносни решенија. Не зборуваме некои, да не кажам глупости, нека ми прости Фаик, знаеме кој како не избрал. Тука работиме по заклучоци и една голема тема од која сме зависни сите без разлика во која партија сме.  Такви дискусии да не се водат.

ФАИК АБДИ:

Опростете ние сме овде заедно шест-седум месеци. Ајде да се преесапиме малку кој зборува глупости, опрости на овој израз. Немојте, ако ги видиме сите дискусии кој што зборувал овде тогаш можеме да забележиме една огромна лепеза од проблеми и прашања и од глупости. Немојте така.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, но дали имаме некој позитивен биланс?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека иако имаше голема желба да усогласувањето всушност значи изградба на единствен став на парламентарните групи не се успеа сепак за вистина на волјата мислам дека треба прво секој пратеник да биде запознаен со содржината на она што го дадовме и до Владата објективно проценат дали и како нивни претставници во тоа усогласување сме направиле добар потег, да можат да оценат што да се направи следното.

Првиот предлог е да се достават, а вториот заради јавноста, заради односот спрема целокупната расправа морам да кажам што претставниците на реформските сили на Македонија - либерална партија го прифати сето ова. Ние сметавме дека навистина во овој

момент кога вниманието на Европа е свртено кон помошта, условно речено, за разврска на југословенската криза ние да се оглушиме од актот на заедничката декларација би било своеврсен нонсенс. Оттука за нас беше прифатливо таа Декларација без разлика во постапката во која Тупурковски ја објаснуваше сепак ја добивме, можевме да процениме за содржината и беше логично да ја прифатиме дотолку повеќе што во неа се инкорпорирани нашите заклучоци што ги прифативме на 18-тата седница.

Понатаму, во овој процес на заокружување на уставно-правната материја на Републиката јасна беше интенцијата што е можно побрзо да се донесе уставот на Републиката како највисок акт кој таа самостојност уставно ќе ја воспостави. Тоа беше нешто неспорно.

Спорното беше околу тоа дали заедно со постапката за донесување на Уставот треба да отпочне спротивно на еден од члено-вите на оваа заедничка декларација процесот на донесување документи кои значат раздружување на Републиката од Југославија. Јас тоа така го сфатив на договорниот состанок.

Ние сметавме дека е неопходно во овие три месеци да се интензивира активноста околу донесувањето на Уставот. Исто така сметавме со оглед на целокупната состојба која настана околу учеството на нашите војници, на старешински кадар итн., во овие настани во кризните подрачја дека беше неопходно од аспект на позицијата која ја има Советот за народна одбрана и позицијата што ја има Владата по однос на ингеренциите во таа област да направи проценка каде ќе ги земе предвид сите овие барања кои дојдоа од граѓаните во смисла на заштита на животите и имотите на нашите граѓани.

Тоа, исто така, на завчерашната расправа доминираше дека Македонија  заради расцепканиот информативен простор  и заради позицијата која сака да ја гради како суверена самостојна држава е неопходно да направи чекор повеќе во меѓународната активност, па се предлагаше иВладата која има и во сегашниот систем ингеренции на меѓународен план и претседателот тие активности да ги забрзаат и усредсредат кон едно поголемо запознавање и на Европската заедница и на Советскиот сојуз и на САД и на соседите околу ставот на Македонија во врска со разврската на југословенската криза.

Она што ние го прифативме, а тоа беше врз основа на излагањето на Љубисав Иванов во врска со состојбите во стопанството и барањето на Комората исто така сметавме дека е став од кој треба Владата да се раководи во заштитата на интересите на македонското стопанство, бидејќи во овој хаос навистина колапсот на стопанството би повлекол и некои други реперкусии во Републиката. Не знам зошто не направивме напор на овие точки кои воглавном во овие два дена дискусија доминира не најдеме заеднички јазик мислам дека Владата може да направи напор да ги исконсултира овие заклучоци, да ни даде едно позитивно негативно мислење по секој заклучок навистина со успех да ја завршиме инаку расправата нема да има цел ако ништо не донесеме.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани народни пратеници, мислам дека тешко би било да се интерпретираат ставовите и заклучоците кои ги немате, мислам дека нема потреба тоа да го чиниме доколку не одлучиме за нив вечерва дали одлучуваме или гласаме.

Доколку се одлучиме за таа алтернатива ќе треба да се поделат тие, па да се отвори дискусија и на крај да се гласа. Во таа функција би предложил следното.

Прво, поготово по дискусијата на господин Стојков следното. Прво и основно да се определиме дали ќе ја поддржиме заедничката декларација за што беше доволно образложение и од господинот Тупурковски, а имавме доволно време денеска сите да ги прочитаме тие материјали во кои оценивме дека нашите основни определби се вградени како основа за разрешување на југословенската криза и пред се создаваат една солидна основа за мирен и демократски начин за разрешување на уставната и политичката криза во Југославија. Без разлика која република кога ќе се изјаснува мислам дека со тоа сме во соодност со сите наши досегашни политички определби за уставната криза. Од тој аспект би предложил претседателот овој мој предлог да го стави на гласање дали се прифаќа да како посебно изјаснување на Собранието да биде еден вид на заклучок или декларација со која Собранието ја поддржува заедничката декларација на парламентарната група на Европската заедница и учесниците од наша страна што учествувале. Тоа е едниот предлог што го даваме.

Вториот предлог што предлагам е претседателот да ги праша пратениците дали се подготвени вечерва да ги усвоиме заклучоците или не. Доколку не се подготвени, доколку одговорот биде позитивен, тогаш да се даде пауза да се умножат заклучоците и да се поделат. Доколку Парламентот се изјасни дека не се подготвени вечерва да ги усвојуваме тогаш да најдеме формула во која постапка тие да се подготват за наредната седница. Во таа функција јас потполно го разбирам реагирањето на претставникот на Владата,

бидејќи Владата за оваа седница ниту понуди материјал ниту понуди заклучоци за да може тој да предложи нов текст. Во таа смисла можеби е најопортуно дали тоа парламентарна група или соодветно работно тело на Собранието да ги подготви тие заклучоци, а по нив Владата да си даде свое мислење пред нивно усвојување во Парламентот.

Значи, предлагам два конкретни предлога. Прво вечерва Парламентот да се изјасни за поддршка на заедничката декларација и Второ, Парламентот да се изјасни дали вечерва ќе ги усвојуваме заклучоците или ги одлагаме за наредна седница, а доколку ги одлагаме за наредна седница, тогаш да се произнесеме за процедурата на нивното подготвување.

ТОДОР ПЕТРОВ: (реплика)

Реплицирам на предлогот за усвојување заедничка декларација заради тоа што текстот на оваа Декларација еве што вели: "На 7 јули на Бриони се разговараше со претставници на сите страни кои директно се вклучени во Југословенската криза".

Кој од Македонија присуствуваше и кој ја претставуваше Република Македонија? Дали Македонија придонесе со нешто да биде директен учесник во оваа југословенска криза за да и со самото тоа што не била присутна на тој состанок ние постфестум прифаќаме нешто што некој го прифатил . Затоа сметам дека е бесмислено да се галса усвојување на оваа декларација за која Македонија во таа ситуација ниту е учесник ниту придонела за таа состојба.

СТОЈАН АНДОВ:

Прво, таму беше присутен цело време господинот Тупурковски и учествуваше во работата.

Друго, Македонија во целата криза има спор, вие знаете добро известени сте за постапката за поништување на два члена од нашата Декларација за сувереност која се води пред Уставниот суд на Југославија. Според тоа и ние имаме акти кои се спорни на кои може евентуално да се однесува нешто од ова, меѓутоа, веруваме дека нашата Декларација не потпаѓа под удар на оваа Декларација.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитувани пратеници, бидејќи и јас учествував во работата на пратеничката група околу подготвувањето на заклучоците сакам да го изнесам и нашето мислење, нашиот став што го бранeвме кога овие заклучоци ги подготвувавме. Бидејки овде се слушна само едната страна за да биде пообјективна претставата за текот на работата на групата што ги подготвуваше предлог заклучоците сакам да го чуете и нашето мислење.

Во однос на заедничката Декларација нашата забелешка се однесува во следното. Ние појдовме од ова сознание.  Дека таа заедничка Декларација како службен документ нас не ни е доставена. Ние ја добивме по некое барање и таа како таква ја добивме без да знаеме дали таквиот текст од аспект на неговата автентичност е веродостоен, дали интегрален таков каков што ни е доставен или има некои измени или има некои дополнувања. Уште еднаш повторувам.

По нечија иницијатива тој текст е побаран и е поделен овде.

(Реагирање на пратениците).

Дозволете, дозволете заедничката декларација, ќе ве молам не е доставена до Собранието по службен пат. Од нашето Собрание не е побарано ние да даваме мислење, ниту да се произнесуваме. Таа не е поставена на дневен ред, ниту пак , како што во вакви прилики претседателот на Собранието инсистира Владата да даде мислење по нејзе и после да расправаме по неа. Немојте сега работите поинаку да ги поставуваме кога веќе ние имаме и се повикуваме на некои принципи како да работиме. Затоа што по ова заедничка декларација ниедно собрание не се произнело. Затоа ние и немаме обврска овде некој од нас да бара ние по нејзе да се произнесуваме и да

заземаме некои ставови. Ние не ја отфрламе заедничката декларација. Кога ќе се побара од нас да таа биде поставена на дневен ред, кога ќе биде побарана од нас ние да се произнесеме сигурно тогаш никој нема да ни  го ускрати тоа право ниту на пратениците ние да ја поставиме на дневен ред, да ја усвоиме, да ги дадеме своите забелешки, да дадеме свое мислење и да се произнесеме по нејзе. Тоа беше причината што ние сметавме дека во однос на декларацијата не можеме овде да расправаме врз основа на излагањето на господин Тупурковски. Тој како член на претседателството не запозна и ние ја прифативме како документ кој што служи за запознавање на Собранието. И како таква сигурно ја поддржуваме, не ја отфрламе, сметаме дека таа е значајна итн, но немаме обврска да се произнесеме по нејзе.

Во однос на заклучоците ние имавме многу сериозни и суштински забелешки по однос на членот 2 и дадовме алтернатива. Исто така и во однос на членот 5 ...

(Реагирање на пратениците - немаме заклучоци)

Дозволете, и на членот 5. Бидејќи ние ги дадовме своите предлози нашата согласност по однос на заклучоците и нашиот став е не да расправаме по нив, не да расправаме по овие заклучоци, ние така се согласивме и незнам зошто на тој договор господинот Поповски не се придржува. Нешто друго објаснува. Ставот на работната група беше заклучоците да не ги делиме, вечерва да не расправаме по нив. Ставот е со овие алтернативи што ги даде пратеничката група и другите групи овој текст така како што е подготвен да го доставиме на Владата. Тоа беше ставот на пратеничката група, Владата по овој текст и по текстот на заклучоците што го предложи господин Петров да ги разгледа и на Собранието да му предложи заклучоци. Сега ние овде по тој договор, како што е тоа изгледа постојана практика

пратеничката група на социјал демократскиот сојуз никогаш да не се почитува тој договор, па и овој пат од тоа се отстапува, па пак повторно овде работите добиваат поинаков ток. Јас мислам за она што се договоривме ако сме се така договориле во принцип да го почитуваме. Да ги доставиме заклучоците на Владата, таа да ги прегледа, како интегралниот текст така и алтернативите и оној текст што е понуден од независниот кандидат и врз основа на дискусијата Владата нека ни предложи заклучоци за кои што треба овде да разговараме и да ги усвоиме.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

За да нема некој недоразбирања, а пред се да успееме на некој начин да ја привршиме оваа работа што трае веќе два дена, со кое што се оптерети Парламентот, меѓутоа, се оптерети и целокупната македонска јавност треба да се искажат неколку работи овде.

Прво, точно е дека постоеше договор помеѓу парламентарните групи односно преставниците на парламентарните групи да се чуе мислењето и ставот, уште повеќе врз основа на сугестиите од парламентарната група Владата да се обиде да предложи заклучоци кои што ќе бидат презентирани пред Собранието на Република Македонија. Тука нема отстапување. Отстапувањето е од одговорот што го чувме ставот на Владата. Ставот на владата е дека не може да влезе во една таква обврска, да превземе ваква обврска, тоа го чувме од потпретседателот на Владата бидејки оваа расправа не беше ниту врз основа на информација на Владата, ниту непосредно во расправата учествуваше Владата. Почитувајќи го тој став на Владата ние сега се обидуваме да најдеме некое решение кое што ќе одговори на овој момент во кој што се наоѓаме и овој предизвик што стои пред нас. Не за да се прекрши договорот, туку заради тоа што сите јасно чувме кој е ставот

на Владата. Отука предлагам, а тоа е за да не дојдеме во ситуација да важи една проценка дека за овие два дена направивме голем обрт а извадивме мал профит и бидејќи сметам дека не е проблемот во толкава мера голем за да мораме да го одлагаме за некој нареден ден бидејќи разгледавме заклучоци и за дел од тие заклучоци се усогласивме а за дел имаме алтернативно размислување не е никаков проблем овој текст што е на една страна да се подели на пратениците и веднаш тука се изјасниме и по основниот текст и по текстот на алтернативите. Тоа е ми се чини работа од 5 минути и на тој начин ќе елиминираме цел еден проблем - дали тоа ќе го прави Владата, а ставот на Владата го слушнавме . Дали сега ке ја префрлиме топката на Комисијата за општествено политички систем или повторно некоја работна група меѓупарламентарна која што повторно ќе почне од почеток целата работа да ја води. Да не заборавиме целокупната Македонска јавност очекува нешто да излезе како резултат од оваа расправа што веќе 2 дена ја водиме овде. И да не се фаќаме на некои ситници или маргинални работи. Јавно беше пренесувана седницата. Точно се знае кој дух преовладуваше низ дискусиите. Се обидовме тоа колку е можно поверно да биде внесено во овие заклучоци. Има различни мислења, меѓутоа така и одлучува Парламентот, ќе се изјасни парламентот согласен која од алтернативите ќе биде усвоена таа ќе биде конечна во ставот на Заклучоците.

Затоа предлагам да не ја усложнуваме работата повеќе а бидејќи првата точка од Заклучоците токму говори за ова што досега беше предмет на расправа, а тоа е поддршка на декларацијата, мене исто така ме чуди ова што господинот Арсов го вели бидејќи околу таа точка немаше никакви недоразбирања. Тоа беше точка околу која немаше ниту алтернативи ниту ништо. Сите се согласивме дека

Собранието дава целосна поддршка на заедничката Декларација на Министерскиот совет итн. итн. Значи тоа не е ништо спорно, така да предлагам за тоа не треба ниту да се прави пауза, ниту да се губи многу време, стручната служба да го фотокопираат ова во повеќе примероци, да се подели на пратениците и веднаш може да влезе во процедура на гласање , на усвојување на конечен став по однос на овие Заклучоци.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Ги имам заклучоците пред мене и мене ме изненади многу изјавата на претседателот на Собранието Стојан Андов кој што кажа дека ние се вклопуваме во предизвикувачите на кризата и дека нашиот претставник Васил Тупурковски бил таму затоа што и Македонија е една од предизвикувачите на кризата. Неможам како такво да го прифатам ...

(Реагирање на пратениците)

образложението дека Декларацијата треба целосно да се прифати.

Исто така беше донесен еден предлог предлозите од господинот Тодор Петров да влезат во алтернатива во заклучоците.

СТОЈАН АНДОВ:

Не сме се разбрале. Јас реков имаме спор со Уставниот суд, а не предизвикувачи на кризата.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Ако добро сватив сега зборуваме за процедурални прашања, не за некоја суштина па сакам да се вклучам и јас на крајот од оваа седница.
Најпрво да констатирам дека јас и не памтам кога започнавме на време да работиме со закажан термин, а имам примедба и на

паузите. Се добива впечаток дека се манипулира со текот на седницата заради тоа што не се најавува зошто се прават тие паузи и се подразбира дека до прекинот тоа што било актуелно треба да продолжи и после паузата. На секоја пауза наеднаш излегува дека доаѓа до некое усогласување, застој, одолговлечување итн. Она што мене ме погодува како пратеник е што ми се ускратува правото да одлучувам, дури што веројатно и деловнички ми се гарантира. Тоа е да ја воопшто немам можност да интервенирам и да се искаже мојата волја како предлог, нормално што би одела на гласање како другите. Заради тоа што сите пратеници не се опфатени со пратеничките групи што преземаат одредени иницијативи.

Што се однесува до заедничката декларација се согласувам дека воопшто овој документ нема причина зошто да се разгледува и претставува чисто потценување на Македонскиот Парламент. Македонија не може да се препознае во овој документ и не ми е јасно зошто овој лист хартија залутал денеска на оваа седница. Бидејќи ако нешто може да се препознае, бидејки се зборува за контрола на прекин на огин итн, а колку што знам Македонија не е во ниеден вооружен судир, ниту воопшто и покрај сите напори да се концентрирам да најдам некаде нешто што правно би предизвикало интерес во Македонија ако се вклучиме. Меѓутоа ние може да изгласаме но другата страна што го составила изворно тој документ нема да ја обврзува ништо Македонија дополнително да влезе заради овој документ во заштита на своите интереси. Сметам дека би било неозбилно воопшто да продолжиме да дискутираме по тој документ.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, во документот многу добро пишува. Фактички нашата Платформа, начин на решавање на кризата. Ако тука неможеме да се препознаеме тогаш досега бадијала сме работеле.

Понатаму, да видиме колку можеме да се договориме. Јас колку што овде некој работи ги сватив ќе дојдеме во доста сложена ситуација ако одиме прво текстот на Заклучоците ни беше речено дека не е договорено да се дели. Затоа бидејќи не ми е даден текст кој треба да се дели и не е поделен.

Понатаму, јас сакам да ви укажам на сознанијата кој ги стекнав во разговорот со претставниците на групата кои работеле на овие заклучоци. Нека ме исправат луѓето ако не ми е тој впечаток точен. Јас го сфатив овдешното излагање на господин Арсов првата точка тие не ја прифаќаат, која се однесува на целосна подршка на заедничката декларација. Овде така тој рече, меѓутоа тие ја прифаќаат ако се прифати алтернативата. Тие во таа целина ја прифаќаат. Така бев известен, ве молам. Според тоа тие не ја прифаќаат но би ја прифатиле ако нивниот став, алтернативата под точката биде прифатена. Меѓутоа јас тоа незнам. Ако ние одиме во усогласување ќе одиме точка по точка. Ке дојде до прегласување, до пофторни заострување, напуштања на седници и друго. Јас се уплашувам малку. Јас апелирам ако треба да направиме пауза да се направи текст кој може да биде усогласен. Паузата траеше долго заради тоа што на групата и требаше толку време да направи текст. Меѓутоа, известен сум на овој начин како што и ви кажувам. Затоа јас сфатив бидејќи групата на оваа противречност не можела да најде решение целата работа ја упатува на Владата да даде мислење. Така ми беше преставена работата и под тие услови беше можно да дојде до некое

усогласување и некое решение. Меѓутоа, сега Владата не го прифаќа.

(Уфрлување на некои пратеници- тука е претседателот, можеби ќе прифати).

Јас мислам дека они си имаат договор па што кажува. Немојте така. И кога е претседателот тука пак може да стане некој друг кој он го овластува. Тоа е Влада и ние неможеме така. Никако не смееме да се посомневаме во компентентноста на исказот на било кој преставник на Владата. Тоа би значело отворање на друг проблем.

Јас размислувам што да направиме. Јас не сакам да ми се случи тоа што ми се случи минатиот пат кога се надгласувавме. Не треба така да направиме. Затоа подобро е да имаме ние еден цел текст кој е усогласен меѓу пратеничките групи. Мораме овој парламент да го зачуваме од нешто што е полошо одколку подолга пауза.

МИЦЕВСКИ:

Господа пратеници мене ми се чини дека сите сакаат да избегаат наоколу од вистината. Како е тоа непочитување кога од сите парламентарни групи донесоа заклучок, а тоа значи тие имаат доверба во групите и предложија со таков заклучок да ја задолжиме Владата. Која е таа Влада што треба да му откаже послушност на Парламентот и да не пристапи кон изработка на заклучоци со оглед на тоа што не е оставена без никакви податоци, а ќе ги има предвид заклучоците на парламентарните групи. Нивното мислење е такво и можеби затоа се раководеле да дадат да го изработи мислењето Владата. Јас незнам после толку договарање на парламентарните групи и кога е договорено вака да постапиме одеднаш се извитоперува вака или онака. Немојте господа вака. Или чисто ќе зборуваме, јасно, или сите да си одиме од овој Парламент, од овде. Не смееме ние еднаш на оваа пауза вака ќе се договориме а на говорницата неможеше Владата,

одбива, па групата вака. Срамота ќе биде сметам јас дека од овој Парламент ако ја задолжува Владата таа секако ќе има седница утре да се потруди да даде мислење и заклучоци , па после ќе видиме како ќе се одвиваат работитет. Инаку и предлогот на Парламентарните групи е тој. Никој повеќе да не се заварува да излегува од вистината и да лажеме овде на говорницата.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници, по се изгледа дека не ми е јасна која е улогата односно функцијата на Владата. Без оглед на тоа што се направил пропуст и се договорило Владата да изготвува заклучоци за нашата дводневна работа, сметам дека е грешка и Владата немојте да ја доведуваме во состојба на стручна служба на Парламентот. Ако ние расправавме два дена овде, тогаш повелете ние овде да донесеме заклучоци, имаме понуден текст на заклучоци со алтернативи и ништо не е страшно ако треба и да се прегласуваме, но ќе видиме кој зошто е, па за тоа е и македонската јавност ќе види кој зошто се залага. Ништо во тоа нема страшно и нема потреба од натегање и напуштање на Парламентот ако за нешто не се согласат што јас ќе го предложам или парламентарна група. Молам, треба да расчистиме со овие работи и нема никаква причина да се поделат заклучоците и неколку пати беше даден предлог и тие заклучоци дел по дел да се усвојуваат, односно да се ставаат на дневен ред, односно на усвојување, со се алтернативите, па да видиме зошто ќе се изјасниме. Нема причина сега Владата да ни направи заклучоци и мислења и т.н. Зашто, Владата има друга функција и има многу други работи кои треба да ги направи.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Станувaaт некои забуни овде, од Владата се бара мислење да даде по она што е договррено во заклучоците. А ние треба да му кажеме на овој народ утринава што овде плачеше дали сме способни да им ги вратиме безбедни нивните деца, бидејќи таму каде што се не е безбедно и ќе ве молам да не реагирате со пцовки таму, ќе ви биде подобро господине Џаферовски, бидејќи ве гледам вас.

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте да се обраќате на поединец, така не се разговара.

БОГДАН НЕДЕ.ЛКОВСКИ:

Ќе ве молам да ме сослушате. Ако сме способни на овој народ да му кажеме дека или ќе правиме држава или друг ќе ја прави со нас државата.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот претседател на Републиката Киро Глигоров.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Незнам колку може нешто да се помогне после пет часа работа од страна на Парламентарната група, но ако заборавиме кој што предлагал, кој на што инсистира, кој мисли дека ако таа реченица не влезе, или таа точка, или тој пасус, ќе пропадне Македонија или ќе воскресне, мислам дека ги преувеличуваме работите. Се обидувам после се ова што слушам денес да ја сведам расправата и проблемите за кои расправавме, не самата расправа, она што најмногу не преокупираше, а не окупираа неколку навистина сериозни прашања. Оваа дискусија не беше залудна и оваа дискусија не е ни прва ни последна. Во еден доста долг период, дури сите овие работи не се расчистат и не дојдеме до она за што сме зацртале, ние ќе имаме вакви седници многу и ќе ја оценуваме политичката, безбедносната ситуација и некогаш ќе донесеме заклучоци, некогаш не треба да донесуваме заклучоци, важно е да ги констатираме стварите, да бидеме инфор-

мирани, да знаеме што сакаме и тн. Од заклучоците, од самите заклучоци како заклучоци нема голема среќа. Ако јас сега можев да сватам од целата расправа и оние проблеми за кои сметам дека се суштински проблеми се сведува целата работа на три прашања.

Едното прашање е се случи нешто, ноќеска се расправале сите заинтересирани страни за да се престане со воени дејствија и да се најде некој пат за мирен излез од југословенската криза. Тоа е и сигурно едно прашање кое не можеме да го одминеме. Нема да го одмине ниедно Собрание во Југославија. Тоа е веќе ставено на дневен ред во Словенечкото собрание, претседателот на Хрватска даде јавна изјава со оглед на неговите компетенции и положба која ја има во Републиката дека прифаќа. Босна и Херцеговина ќе расправа, колку што сум информиран, за тоа на Собранието. Ние расправавме цел ден и т.н. Мораме да се одредиме спрема тој документ. Тој документ претставува една надеж, една основа да можеме да поминеме на она што ни беше целта од почетокот. Во мирна разврска да побараме решение на сите оние прашања кои ја карактеризираат југословенската криза и да видиме дали може Македонија тој процес од три месеци Мораториум, односно не Мораториум на одлуките кои се донесени, а практично шанса во тие три месеци да се дојде до решение на таа криза спрема тој документ ние мораме да се одредиме. Јас мислам дека е умно да кажеме дека тој документ го поддржуваме, тој е резултат на тие преговори каде и ние активно би учествувале, тој е во интерес на Македонија и тој ги запира сите понатамошни воени дејствија кои се почитуваат и отвораат простор да се седне на маса и да се разговара за сите отворени прашања каде што има неспоразум.

Поврзано со тоа, сигурно е и нашиот интерес навреме ако тоа го прифаќаме да се организира со се што е најспособно кај нас

да учествуваме во тие преговори кои ќе бидат многу напнати, ќе траат се на се три месеци и ако може за тоа време таа работа да се заврши, ќе биде одлично. Или, барем како што кажа денес Тупурковски да дојдеме до оние основни начела и некои определби кои веќе претставуваат една солидна основа за операционализација подоцна на цела низа прашања. Таму во таа декларација се спомнуваат правни, политички, економски, меѓународни и т.н. прашања, кои ќе се поставаат во разни комисии каде што ќе учествуваат некои експерти од надвор и т.н. Ние спрема тој документ треба да се одредиме и мислам дека секој кој тој документ не го прифати прима на себе огромна одговорност. Не гледам било каков интерес на Македонија тоа да не го тангира, туку напротив. Тоа е една работа.

Друга работа е ако тргнеме да е тоа сега реалност, да е тоа прифатено за тие три месеци ние имаме шанса и за што и инаку сме ја обврзале Владата конечно да го одредиме статусот на нашата држава и тоа во два правца. Да видиме нејзиното осамостојување и да видиме во текот на тие преговори дали има шанса да дојде до некој сојуз на суверени држави за кои ние се залагаме, а ако може да се оствари, а ако не може да се оствари, тогаш ќе си бидеме самостојна држава. Тие работи ќе течат паралелно тие три месеци.

Третата работа, која е пак од суштинско значење, навистина, во овој преоден период, воениот фактор, мобилизациите, нашите регрути и тн., се она што е и што го претставува тој комплекс е третиот комплекс кој ние мораме да го третираме, мораме да дадеме одговори, заради нашиот интерес и како народ и како Република и секој поединец како човек да сториме се што можеме да сториме за да излеземе од сета таа работа во тој преоден период со помалку штета. Ние сме од една страна среќни што на нашата територија нема такви воени дејствија. Но, ние имаме наши деца кои се наоѓаат таму

каде што има воени дејствија. Не може никој тој проблем да го заборави и да го запоставува и да не води сметка за тоа. Ние создадовме со одлука на овој Парламент Совет за народна одбрана. Тој Совет за народна одбрана го сочинуваат, тој не е помалку компетентен од Владата или од било кој друг орган, покрај претседателот на Репуб-, ликата, претседателот на Владата, претседателот на Парламентот, потпретседателот на Републиката, министерот на внатрешни работи, на народната одбрана, командатот на ТО и генералот Тошо Атанасовски со едно огромно искуство. Директно е тоа орган на Парламентот. Парламентот би бил должен во таква ситуација да чуе, не да импровизира и не да одлучува по емоции, да чуе она што е многу одговорно од орган кој е од него поставен. Тоа не е орган на Владата, тоа е орган на Парламентот. Тој и на Владата и дава сопствено мислење, бидејќи е такво учеството на членството во тој Совет. Што е подобро, отколку утре инаку ние имаме закажана седница со тој дневен ред на Советот за НО да се разгледаат сите прашања во врска со воената состојба во Југославија. Да го задолжиме тој совет кој инаку е свикан за утре да ги разгледа тие прашања и да даде предлози на Парламентот. Се друго за што расправавме дека треба или за што таму се говори, да треба сега во овој период од три месеци да развиеме полна, дипломатска и секоја друга меѓународна дејност ит.н., се разбира сама по себе, особено не со такви, дозволете да кажам, работи кои нема да бидат разбрани, бидејќи мораме да почитуваме и некоја меѓународна пракса, да ја обврзуваме Владата или претседателот на Републиката да одат да бараат гаранции за самостојноста на Македонија, за нејзината незнам сигурност, интегритет и такви работи, тоа е нешто што апсолутно не спаѓа во овој период на време. Ќе не прашаат која држава, каква е, што и т.н. Но, да се развие дипломатска активност на најширок план, тоа е сигурно наша потреба

и во тој ред на нешта за сите тие работи да се расправа со тие земји, што е најнормална работа што го прават сите и што го правиме и ние. Но, веројатно недоволно, сега е период и околу сите тие работи треба уште повеќе да се забрзаат. Јас не гледам потреба повеќе да се донесуваат повеќе од тие три заклучоци, покрај оние што ги донесовме во онаа претходната седница, а вчера ги усвоивме и да се свртиме кон тоа навистина тие тешки задачи што побрзо да ги реализираме. Заборавив да кажам дека во тој вториот дел каде што треба дефинитвно статус на Републиката да се утврди во тој период од три месеци донесувањето на уставот и сите други акти кои веќе се приготвени од Владата. Незнам зошто од едноставни работи правиме така комплицирани работи каде што со саати треба да преговараме и договараме за секој пасус и секоја реченица, а со оглед на тоа што господинот Тодор Петров, амбицијата е многу поголема, таму има една цела низа на заклучоци, дваесет и неколку, јас ги читав таму, има работи кои се добри и прифатливи, а има некои кои ќе предизвикаат исто толкави дебати за кои треба саати да се договараме. Тие нека врват понатаму во постапка, нека се расправаат или во некоја комисија или пак во некоја мешовита пратеничка група на наредната седница и да видиме и од нив што можеме да исползуваме. Не треба ништо да се отфрла што е позитивна иницијатива ако од неа можеме нешто да исползуваме. Не можеме денес се тоа да решиме. Денес да решиме она што произлегува од нашата дводневна расправа. Од нашата дводневна расправа се побара да се одредиме спрема еден документ кој е усогласен со фактори од меѓународен план и од таму да ги извлечеме нашите обврски.

Второ, да се одредиме спрема тоа во наредните три месеци преку донесувањето на уставот и сите други потребни акти да го утврдиме дефинитивниот статус на самостојна македонска држава со

наша спремност во тој период да разговараме и за се што може да овозможи постоење на еден сојуз на суверени држави.

Трето, да ги разгледа и нашиот Совет за народна одбрана кој е за тоа создаден, за вонредни прилики, за воено време и за било кој друг период на време кога треба и политички и стручно, бидејќи е таков составот на Советот. Таму се сите врвни функционери, така да кажам и од друга страна се војни стручни лица, да се согледа тоа прашање уште утре и да се дадат предлози на Парламентот. Мислам дека тоа може се за пет минути да се напише и да го прифатиме. Јас мислев инаку да направам и еден друг осврт на сета таа расправа, но јас од тоа ќе се откажам со оглед и на времето и инаку, има време за тие работи да расправаме. Мислам дека е сосема нормално вакви времиња во кои сега живееме кога сме во голема опасност и загриженост за иднината на Македонија, јас не се сомневам дека сите еднакво сме загрижени, разбирливи се тие бранувања, разлики во гледањата во Македонија, било кога се работи за иднината на Македонија, било кога се работи за нашите војници, за мобилизацијата, или пак за економската состојба и многу тешките проблеми во таа сфера. Тоа е сосема нормално и не треба тоа да го драматизираме, но треба да покажеме спремност за она што можеме реално во еден или во два дена кога расправаме да се сложиме да расправаме и да одиме понатаму, а не постојано да ги спротивставуваме така гледањата како ако нашите гледања сега не се прифатат пропаѓа Македонија или пак ако нашите гледања се прифатат другите сметаат дека незнам што ќе се случи пораст или партијата незнам што ќе загуби и т.н. Дајте да се издигнеме над сето тоа, да разговараме сега како луѓе, а Парламентот ја носи таа основна и голема

одговорност за иднината на Македонија. Ако тоа го постигнеме, а повеќе души, особено ми се допадна она што господинот Стефковски, а имаше и некои други добри дискусии, не сакам да кажам дека таа беше единствена, но тој доста рељефно ги кажа работите дека треба да се издигнеме и над партиските и над другите интереси, да гледаме сега што можеме да сториме за тоа Македонија да ги оствари своите историски и други цели. Затоа, се откажувам од другата расправа, предлагам ако е возможно во една многу куса пауза со овие три основни заклучоци да ја завршиме оваа дебата, а со тоа и Владата добива многу крупни задачи и Советот за народна одбрана уште утре добива задача да ги даде предлозите како тие работи да се решат, а од трета страна ние се сврстуваме меѓу оние кои сметаат дека тој меѓународен документ кој е донесен на Бриони одговара на интересите на Македонија, одговара на интересите на мирот  и по мирен пат да се дојде до конечната разврска и одговара на тоа што во еден кус период Македонија да биде начисто и најјасно што може да очекува и да се определиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали се прифаќа еден ваков приод? (Се прифаќа).

Ако се прифаќа овој приод да донесеме сега вечерва само заклучоци од три точки, како што предложи претседателот.

СТОЈАН АНДОВ ( продолжение)

Како што предложи претседателот тогаш вака ако дозволите, Владата и таа да даде еден претставник, така барем господин Арсов бара, јас се согласувам. Нека еве ова го извлечат, стенограмот што беше, нашите стручни служби и да ни состават еден текст, кој што ќе го умножиме, поделиме и изјасниме.

Дали може така (гласови на одобрување ).

Значи може и давам пауза од 15 минути.

Јас мислам дека е тоа е толку краток текст што може да се направи за кусо време.

( пауза од 15 минути, која всушност траеше 1, 10 минути).

Паузата беше дадена во 23,00 часот а траеше до 00,10 часот

Продолжуваме со работа.

Молам дали го прочитавте текстот што го усогласиле двете пратенички групи, јас така разбрав дека две групи усогласувале. Се работи за текстот кој што содржи само 4 точки, односно втората верзија.

Првиот текст е од стручната служба каде што има 5 точки а втората од усогласувањето на пратеничките гурпи.

Молам луѓето од стручната служба да ги пребројат пратениците.

Според пребројувањето присутни пратеници се 67 што значи можеме да работиме.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Панов.

МИХАИЛ ПАНОВ:

Јас начелно да се произнесам овде. Дали ние со овие заклучоци некого обврзуваме или не. Бидејќи на 9 и на 10 мај, ние заседававме 2 дена тоа беше после смртта на трагичниот случај на војникот Сашо Гешовски, донесовме заклучоци и заклучоците под

број 8 и 9 Владата на најдрастичен начин, мислам дека воопшто не ги примени. А тие заклучоци се однесуваа, можам да ве потсетам во врска со реципроцитет во однос на сите републики при регрутирањето, мобилизацијата и при испраќањето на војници наши македонци во други делови. Затоа ако ја обврземе со нешто Владата, барам после тоа да има и некоја одговорност. Ние носиме заклучоци, расправаме по цели денови и нико му ништо. Значи барам од сега понатаму сите заклучоци што се донесени, што биле и што ќе ги донесуваме, Владата како извршен орган да биде задолжена да го применува, во спротивност ќе бараме да се изгласа доверба на Владата.

(Во меѓувреме во салата влегоа Претседателот на Републиката и Претседателот на Владата и имаше реагирања, па пратеникот го повтори овој дел од дискусијата.)

Бидејќи претседателот на Републиката и претседателот на Владата јас ќе повторам. Се однесува на тоа што ние на 9 и на 10 мај после трагичниот случај со погибијата на војникот Гешовски, донесовме заклучоци, кои што според мене, јас барем како пратеник така ги сфаќам работите, требаше Владата да ги спроведе тие заклучоци. Односно заклучоците по точка 8 и 9 ја обврзузваа Владата да воведе апсолутен реципроцитет во однос на сите републики со мобилизираните војници и со војниците кои што се испраќаат надвор од републиките, што за мене Владата не го стори и под итно да тоа да ја задолжиме да го направи. Доколку не го направи имаме методи со кои ќе можеме да ја присилиме да го направи тоа, односно да гласаме за нејзината доверба, или за довербата на министерот за Народна одбрана. И конкретно барам, бидејќи тука во заклучоците нигде јасно не стои, а се однесува на тоа што денеска три саати овде беа родителите на војниците кои што се наоѓаат во тие кризни

подрачја. Јас за време на паузата исто така имав средби со некои од родителите и тие укажуваа на многу драстични примери а еден родител што ми кажуваше за во Јастребарско каде што бил неговиот син, и каде што во касарната од три илјади војници, дошле родителите од Србија, Словенија, Хрватска, си ги земале своите деца, останале само уште македончињата 100 или незнам колку биле на број. Мене не ми е јасно зашто тие македончиња таму седат и чии интереси ќе бранат. Би сакал ако може да го задолжиме советот за Народна одбрана или тоа да влезе во заклучоците , да се заштитат нашите деца и да се усвојат барањата на родителите кои што денеска беа овде три саата.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас бев известен дека е ова усогласен текст. Дали е тоа точно? Дали е точно или не зашто ако е усогласен да не отвораме расправа.

Ако е усогласен тогаш, еве каква е постапката - бидејќи јас овде сум добил заклучоци текст на заклучоци од пратеникот Тодор Петров, морам прво нив да ги дадам на гласање, и тој инсистира да ги ставам на гласање.

Молам кој е за тие заклучоци, нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

Еве преброени се 17 гласа за.

Дали има против? (32 гласа)

Дали има воздржани (10 гласа)

Според тоа текстот на заклучоците предложен од господин Петров не е усвоен.

Го ставам на гласање текстот што е усогласен од сите пратенички групи.

Молам кој е за да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласале 67 пратеници.

Дали е некој против? (4 се против)

Дали има воздржани? ( 3)

Констатирам дека овој текст на заклучоците е усвоен.

Предлагам да завршиме со работа,

(Седницата заврши во 00,25 часот.)